**20090721269**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Се прогласува Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2009 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 јуни 2009 година.

Бр. 07-2616/1
4 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

## I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија " број 166/2008) се вршат следниве измени:

во илјади денари

| | | Буџет 2009 | Ребаланс 2009 |
|---|---|---|---|
| I. | **Вкупни приходи** | **153.215.000** | **143.076.000** |
| | - изворни приходи | 147.630.000 | 138.227.000 |
| | - капитални приходи | 2.537.000 | 2.537.000 |
| | - донации | 3.048.000 | 2.312.000 |
| II. | **Вкупни расходи** | **164.797.000** | **154.516.000** |
| | - утврдени намени | 164.497.000 | 154.026.000 |
| | - резерви | 300.000 | 490.000 |
| III. | **Дефицит** | **11.582.000** | **11.440.000** |
| | од тоа | | |
| | **Прилив** | **19.689.000** | **19.548.000** |
| | - домашни приливи | 8.550.000 | 6.050.000 |
| | - странски заеми | 7.155.000 | 13.498.000 |
| | - депозит | 3.984.000 | 0 |
| | **Одлив** | **8.107.000** | **8.108.000** |
| | - отплата на главнина | 8.107.000 | 8.108.000 |

## 1.Вовед

Буџетот на Република Македонија за 2009 година, како одраз на континуитетот на политиките и активности на Владата на Република Македонија значајно е да се истакне дека се подготвуваше во сеуште стабилни макроекономски движења. Имено во тој период и покрај забавувањето на глобалната економска активност вклучително и во земјите во регионот, негативните последици од светската економска криза сеуште не се чуствуваа во македонската економија. При тоа во текот на минатата година продолжија позитивните економски движења во македонската економија, при што бруто домашниот производ оствари забележителна стапка на раст од 5%, додека истиот во првите три квартали од 2008 година изнесуваше високи 6%. Сепак, во последниот квартал од 2008 година, светската економска криза се почувствува и во Република Македонија, во кој период остварен е пораст од 2.1%.

Во вакви услови Владата на Република Македонија се одлучи за креирање на фискална политика, која преку зголемување на продуктивните инвестиции имаше за цел фискално стимулирање на очекуваното забавување на економската активност како последица на намалувањето на светската економија.

## 2. Макроекономски движења во 2008 година

Во 2008 година, македонската економија продолжи да остварува респектабилни економски постигнувања, и покрај забавувањето на глобалната економска активност, вклучително и во земјите од регионот. Гледано во целина, Бруто домашниот производ оствари забележителна стапка на раст од 5%, додека во првите три квартали од 2008 година изнесуваше високи 6%. Во последниот квартал од 2008 година, светската економска криза започна да се чувствува и во Република Македонија, кога економскиот раст изнесуваше 2.1%.

Релативно високиот пораст на општото ценовно ниво во втората половина на 2007 година, и во првата половина на 2008 година, од средината на годината се стабилизира и започна да опаѓа на месечно ниво. Така, просечната стапка на инфлација за 2008 година достигна 8,3%, додека на годишно ниво се спушти на 4,1%, што претставуваше остварување на ревидираните проекции. Главна причина за инфлацискиот притисок претставуваа растечките цени на храната, нафтата и суровините, воопшто, на светскиот пазар, што во одреден дел предизвика верижно зголемување на цените и на некои други продукти. Сепак, со стабилизирањето и постепениот пад на светските цени на храната и нафтата, како и со преземените мерки на Владата на Република Македонија за намалување на инфлацискиот притисок, домашната стапка на инфлација започна да се намалува и престана да претставува ризик за макроекономската стабилност на земјата.

Во надворешниот сектор, растот на извозот во периодот јануари-декември 2008 година изнесува 18,5%, додека растот на увозот 31,1%, што предизвика продлабочување на трговскиот дефицит за 53,5% споредено со истиот период минатата година. Сепак, подеталната анализа покажува дека ова се должи, меѓу другото, на поголемиот увоз на машини и опрема во 2008 година, кој е повисок за 39,3% во однос на 2007 година, што ќе има позитивни реперкусии во наредниот период.

Позитивните економски движења кои како континуитет од 2007 се пресликаа и во 2008 година несомнено се одразија и врз социјалната сфера. Имено, последните статистички податоци за пазарот на труд во четвртиот квартал од 2008

година (Анкета на работна сила[1]) покажуваат пораст на бројот на вработени лица за околу 14,500 во однос на истиот квартал од минатата година, или за 2,3% од вкупната вработеност. Со тоа, стапката на вработеност, на квартално ниво, се зголеми за 1,2 процентни поени (п.п.) и достигна 42%.

Стапката на невработеност во четвртиот квартал од 2008 изнесува 33,7%, што во однос на истиот квартал од претходната година значи намалување за 1,4 п.п., но во однос на претходниот квартал истата забележа пораст од 0,4 п.п. Генерално, во 2008 година продолжи започнатиот тренд на намалување на стапката на невработеност во последниве три години, главно како резултат на поголемата економска активност и активните политики на пазарот на труд. Годишната стапка на невработеност се намали за 1,2 процентни поени во однос на 2007 година, и се спушти од историски највисокото ниво од 37,3% во 2005 година на 33,8% во 2008 година. Бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување, кој за прв пат после десет години се намали и се одржува на ниво под 350 илјади, на крајот од декември 2008 година изнесува 343.363, при што важно е да се нагласи дека од нив, 271.774 лице активно бараат работа, додека останатите 71.589 се пријавуваат само за остварување на правото за здравствено осигурување, при што согласно дефиницијата за невработеност овие лица не би требало да се вклучат во оваа категорија.

Истовремено, во периодот јануари-декември остварен е номинален раст на просечната нето плата од 10,4% и реален раст од 1,9%, пред се поради повисоките трошоци на живот во овој период.

На полето на јавните финансии, во 2008 година, како и досега, продолжи да се води дисциплинирана и прудентна фискална политика. Добрата реализација на даночните приходи во текот на 2008 година го потврди успешното спроведување на даночната реформа, која имаше за цел воведување на рамен данок, намалување на даночното оптоварување и поедноставување на даночните процедури. Притоа, дефицитот на Општиот владин буџет достигна 1% од БДП, што е за 0,5 п.п пониско остварување од планираниот износ.

### 3. Макроекономски движења и проекции за 2009 година

Финансиско-економската криза која започна во САД и која брановито се прелеа преку Западна Европа во Источна Европа, не ја одмина ниту Република Македонија. И покрај тоа што кризата не го зафати македонскиот финансиски систем, сепак негативните ефекти од истата силно се одразија врз реалниот сектор, главно преку намалување на екстерната побарувачка за македонски производи. И покрај тоа што во 2008 година беше остварен годишен раст на БДП од 5,0%, што е меѓу највисоките стапки во Европа во оваа кризна година, веќе во четвртиот квартал од 2008 година негативните ефекти од светската економска криза се пренесоа и во македонската економија, правејќи ја состојбата на почетокот од 2009 година неизвесна и загрижувачка во однос на крајот на 2008 година. Негативните економски случувања се потврдуваат со остварените движења и тоа:

- Индустриското производство забележа пад од 7.6% во последниот квартал од 2008 година и 14% во првите два месеци од 2009 година,
- Извозот забележа пад од 15% во последниот квартал од 2008 година и 44% во периодот јануари – февруари 2009 година,
- Увозот забележа пад од 13% во последниот квартал од 2008 година и 26% во периодот јануари – февруари 2009 година,
- Со тоа се продлабочи надворешно-трговскиот дефицит за 12% во првите два месеци од 2009 година,

[1] Население на возраст од 15 -64 години.

- Даночните приходи во буџетот на Република Македонија, во првиот квартал од 2009 година се за 10% пониски од планираните,
- Бројот на регистрирани невработени во агенцијата за вработување во периодот јануари-февруари 2009 година, е зголемен за 7.700 лица по подолг период на постојано опаѓање,
- Присутни се дефлациони тенденции во последните три месеци, при што, во првиот квартал од 2009 година стапката на инфлација изнесува само 1%.

Сето ова укажува дека 2009 година ќе биде година со низок економски раст. Оттука, анализирајќи ја и континуирано следејќи ја состојбата во македонската економија, неопходно да се направи адекватно ревидирање и прилагодување на макроекономската политика за 2009 година, што ќе соодветствува на моменталната состојба, во функција на полесно пребродување и амортизирање на негативните ефекти од кризата.

Врз основа на направените анализи базирани на сите досега расположливи податоци од домашните и странските компетентни институции, се изврши надолно ревидирање на макроекономските проекции, при што економскиот раст во 2009 година се очекува да изнесува 1%, додека инфлацијата, поради намалувањето на цените на стоките и намалувањето на увозните цени, ќе биде ниска и ќе изнесува околу 1% .

Од аспект на расходната страна на БДП, главен оддржувач на економскиот раст ќе биде финалната потрошувачка со придонес од 5,3 процентни поени. Ваквата улога на финалната потрошувачка ќе се должи пред се на поголемиот придонес на личната потрошувачка поради успешно спроведената реформа за воведување на концептот бруто плата, што придонесе за пораст на нето платата во јануари 2009 година за 13% во однос на декември (како резултат на вклучувањето на храната и превозот во бруто платата) и услови бројот на работници кои не земе плата да се намали од 8% на само 2,6%, односно искажано номинално, 20 илјади граѓани повеќе примија редовна плата. Истовремено, и јавната потрошувачка ќе има соодветен позитивен ефект врз растот со оглед на нејзината силна инвестициона компонента планирана за 2009 година. Нето-извозот во 2009 година се очекува да оствари негативен придонес во БДП од 3 п.п. имајќи предвид дека проектираниот раст на БДП во 2009 година (според ОЕЦД) кај нашите најголеми трговски партнери е негативен: -5,3% во Германија, -2% во Србија, околу 0 во Грција и -4,3% во Италија. Во овие четири земји, Република Македонија извезува околу 25-30% од домашното производство или 65% од вкупниот извоз. Ваквото очекување се потврдува и со проекциите за растот на увозот во земјите најголеми трговски партнери на Република Македонија. Имено, според најновите проекции, падот на увозот во Германија ќе изнесува 10%, во Италија 13% и во САД 11%, што значително ќе придонесе за намалување на екстерната побарувачка и извозот од Република Македонија. Истовремено, и бруто инвестициите во 2009 година се очекува да имаат мал, но сепак негативен придонес во растот на БДП од 1,4 п.п. што главно ќе се должи на слабата глобална инвестициска активност и високото ниво на неизвесност за инвестирање.

График 1: Придонес кон растот на БДП - расходна страна




Извор: Министерство за финансии

Од аспект на производниот метод за пресметка на БДП, најголемо учество во неговото создавање ќе имаат услугите како главен носител на растот, со придонес од 1,3 процентни поени. Друга компонента која ќе служи во правец на оддржување на растот на БДП во 2009 година ќе биде градежништвото, кое како резултат на владината програма за интензивирање на јавните инвестиции во сите општествено-економски области ќе оствари повисок придонес во растот во однос на претходните години и истиот ќе изнесува 1,1 процентни поени. Поради тешкотиите со кои се соочува индустријата како еден од најзначајните сектори во економијата (учество од 22% во БДП) во услови на глобална економска криза, истата ќе оствари негативен придонес во растот на БДП од -2,1 процентни поени, но веќе во наредните години се очекува да продолжи нејзиното позитивно влијание врз БДП.

График 2: Придонес кон растот на БДП - Производна страна




Извор: Министерство за финансии

Во надворешниот сектор, како резултат на намалената екстерна побарувачка за македонски производи во 2009 година, се очекува дефицитот на тековната сметка да го задржи високото ниво од 2008 година, но сепак, предложеното приспособување на фискалната политика кон фактичката економска состојба се очекува да придонесе кон негово одредено намалување и постепено елиминирање како ризик по макроекономската стабилност, при што истиот би достигнал 11% од БДП. Проектираното намалување на извозот како процент од БДП изнесува 4,6 процентни поени, а намалувањето на увозот 5,5 процентни поени, што ќе значи и

благо намалување на трговскиот дефицит на ниво од 26% од БДП. За 2009 година, проектирано е и исто ниво на приватни трансфери (реално намалување) како во 2008 година, низок суфицит кај услугите, како и намалување на дефицитот кај доходот (како резултат на очекуваното намалување на профитабилноста на странските претпријатија во Република Македонија).

Табела 1: Селектирани макроекономски индикатори

| | 2008 | 2009* |
|---|---|---|
| БДП (реален раст) | 5,0% | 1.0% |
| Трошоци на живот | 8,3% | 1,0 % |
| Индустриско производство (раст) | 5,5% | -7,5% |
| Буџетски дефицит (% од БДП) | -1,0% | -2,8% |
| Трговски дефицит (% од БДП) | -26,8% | -26,0% |
| Дефицит на тековна сметка (% од БДП) | -12,7% | -11,0% |
| Стапка на невработеност | 34,0% | 34,5% |

*Ревидирани проекции на Министерството за финансии

Имајќи предвид дека одличниот тренд на намалување на невработените лица прекина во декември 2008 година, во 2009 година се очекува нулти раст на вработеноста, како и запирање на трендот на пад на невработеноста, и пораст на бројот на невработени лица, иако стапката на невработеност се очекува да се зголеми само за 0,5 процентни поени.

Со оглед на непредвидливите економски околности поради кои не може да се предвиди силината на економската криза на глобално и национално ниво, а уште помалку нејзиното времетраење, неопходно е состојбата континуирано да се следи и промптно да се реагира на секој нов аспект од кризата. Основна цел на Владата на Република Македонија, изразена и преку предложеното приспособување на фискалната политика и преку останатите досега преземени мерки ќе биде задржување на континуитетот на раст на Бруто домашниот производ и избегнување на рецесија, па дури и ако истиот биде на значително пониско ниво во однос на претходните години.

**4. Остварување на Буџетот на Република Македонија**

Динамиката на остварување на приходите и расходите во првиот квартал на 2009 година секако дека е под силно влијание на светската економска криза и негативните последици врз македонската економија. При тоа успешно спроведените даночни реформи во последните неколку година, во голема мера ја подобрија отпорноста и издржливоста на македонската економија и ги амортизираа екстерните удари на кризата. Имено фактот што во последните две години функционирањето на државата се одвиваше во услови на најниски стапки на персонален данок на доход и данок на добивка, ја потврдува виталноста и издржливоста на македонската економија. Ако кон ова се додадат и ефектите од намалувањето на стапките на придонесите, која како мерка допрва го превземаат земјите погодени од кризата, реално може да се предвиди дека македонската економија во текот на оваа година ќе опстои на ударите на кризата.

Во периодот јануари - март 2009 остварен е дефицит на Буџетот на РМ во висина од 1.817 милиони денари или 0,4% од БДП. Во истиот период Основниот буџет оствари дефицит од 2.322 милиони денари, 0,6% од БДП, а на сметките за сопствени приходи остварен е суфицит во износ од 299 милиони денари.

Дефицитот на консолидираниот буџет се должи на остварување на буџетските приходи во износ од 31.384 милиони денари (што претставува реализација од 20,48% од планот за цела година) и извршување на буџетските

расходи во износ од 33.201 милиони денари (или 20,15% од планираните за оваа година) Истовремено во истиот период реализирани се приливи од задолжување по основ на краткорочни хартии од вредност во висина од 5.424 милиони денари, како и одливи по основ на отплата на долг во износ од 975 милиони денари. Во овој период, преку задолжувањето со државни хартии од вредност зголемени се средствата на депозит во износ од 2.810 милиони денари, но истите во текот на април, се наменија за исплата на рата од обврзницата за замрзнато девизно штедење во износ од околу 1,7 милјарди денари.

Остарениот дефицит генерално не е карактеристичен за овој период од годината, со оглед на сеуште забавеното темпо на реализација на расходите, особено на капиталните расходи, која воглавно се очекува кон крајот на годината. При тоа тековните приходи на буџетот се недоволни за покривање на расходите, а уште позначајно е што изворите на финансирање на тој дефицит (т.е. приливите) исто така се ограничени, со оглед на фактот што депозитите се на ниско ниво, а единствен извор на финансирање во овој период е задолжувањето преку издавање на краткорочни хартии од вредност (државни записи) .Во рамките на реализираните приливи во овој период се оствари и приливите по основ на кредитните линии од Светска банка и ЕБРД за финансирање на градежните работи во Агенцијата за патишта,

Во рамките на ***вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија*** во овој период од годината остварени се 26.565 милиони денари по основ на даночни приходи и социјални придонеси, односно 84,6% од вкупните изворни приходи.

***Даночните приходи*** во првиот квартал од годината се реализираа во износ од 17.327 милиони денари, што преставува 19,68% во однос на планираните приходи за цела година, односно 90,7% во однос на планираната динамика за овој период. Пониската реализација е карактеристична во текот на целиот квартал и тоа: планот за јануари е остварен 98%, планот за февруари 91%, додека планот за месец март бележи најголемо потфрлање и истиот е остварен со 84%. Потфрлање во однос на планот за првиот квартал генерално е остварено кај сите даночни приходи и тоа: акцизи (95%), данок од добивка (93%), персонален данок на доход (90%), данок од додадена вредност (89%), царински приходи (92%) и други даночни приходи (93%). Истовремено даночните приходи во овој период во апсолутен износ се за 1,724 милијарди денари или за 9% пониски од даночните приходи во истиот период од 2008 година.

Намалување на даночните приходи кое особено е изразено кај данокот на додадена вредност, персоналниот данок и приходите по основ на акцизи и царини во овој период се должи пред се на намалениот увоз на добра koj во проценти изнесува 18,6% помалку во споредба со истиот период од минатата година, намалената потрошувачка на акцизни добра во услови на глобална економска криза и намалувањето на царинските стапки согласно Законот за изменување и дополнување на Царинската тарифа за 2009 година, како и годишното намалување на пондерираните царинските стапки согласно транзиционите периоди на намалувања предвидени во Договорите за слободна трговија. Во рамките на даночните приходи подобра е реализацијата кај приходите по основ на данок на добивка, што пред се должи на аконтативното уплаќање од правните лица по годишен даночен биланс за претходната година

***Социјалните придонеси*** во првиот квартал од годината се оствари во износ од 9.201 милиони денари што е во рамките на планираната динамика и тоа околу 24% во однос на планираните износи, што секако е резултата на ефектите од интегрираната наплата на придонесите во Управата за јавни приходи, новиот концепт на бруто плата и превземените контроли кај даночните обврзници.

***Неданочните приходи*** кои во овој период се остварија во износ од 4.131 милиони денари или 20% во однос на планираната динамика, воглавно се остварија по основ на уплата на профит од Народна банка, наплата на административни и судски такси, други неданочни приходи, како и од приходи по основ на наплатени патарини во буџетот на Агенцијата за патишта, при што пониската реализација пред се е резултат на изостанување на приходите по основ на девиодендата од АД Телеком која се очекува во нешто зголемен износ да биде уплатена кон крајот на првото полугодие.

***Капиталните проходи*** остварија пораст од околу 20% и кој воглавно се должи на зголемената приватизација и закуп на градежно земјиште на физички и правни лица и продажба на станови.

***Вкупните расходи*** на консолидираниот буџет во периодот јануари - март 2009 година се извршени во износ од 33.201 милони денари што преставува 20,2% извршување во однос на вкупните планирани расходи. Кога на расходите ќе се додадат и одливите по основ на отплата на долг извршени во износ од 975 милиони денари, процентот на извршување на вкупните расходи и одливи на основниот буџет изнесува 19,8%. При тоа расходите на Основниот буџет во првиот квартал на годината се повисоки во однос на истиот квартал од минатата година за 25%, или 4,4 милјарди во апсолутен износ што во најголем дел се должи на повисоките трансфери за земјоделски субвенции кои минатата година се исплатија во последниот квартал.

Во рамките на ***тековните расходи*** кои се оствария на ниво од 30.622 милиони денари, исплатени се вкупно 5.567 милиони денари за ***плати и надоместоци*** на вработените во јавната администрација, односно 22,1% во однос на планираниот износ, во кој се вклучени ефектите од зголемувањето на платите од минатата година и зајакнување на капацитетот на јавната администрација, согласно интегративните процеси со ЕУ.

Осварените намалувања на приходната страна ја лимитираа потрошувачката особено на расходите за ***стоки и услуги,*** како продолжување на дисциплинираната буџетска потрошувачка особено на непродуктивните трошоци. Имено евидентна е пониската реализацијата на овие расходи кои се реализираа во износ од 16,6% во однос на планираната, пред се како последица на строго контролирани трошења, особено на расходите за мебел и автомобили.

Доминантно учество во реализацијата на тековните расходи е остварена по основ на ***социјалните трансфери,*** кои во овој период се оствария во износ од 15.142 милиони денари или 24% во однос на планираните. Во овие рамки редовно се сервисираа обврските на државата во областа на загарантираната социјална заштита на специфичните категории на населението, за која намена се реализираа 955 милиони денари, од кои најзначаен дел се наменија за исплата на парични надоместоци на социјално загрозените домаќинства и надоместоци по основ на детски додаток.

За редовна исплата на ***пензиите*** зголемени со ефектот од последното редовно зголемување од 3,5%, во овој период од годината се наменија 8.943 милиони денари за 273.115 корисници на пензија, со просечно ниво на пензија од 9.865 денари.. Фондот за пензиско инвалидско осигурување во почетокот на годината, покрај поддршката на УЈП во процесот на интегрираната наплата, вршеше редовно трансферирање на делот од придонесот кон приватните пензиски фондови за лицата зачленети во вториот пензиски столб. Трансферите до приватните пензиски фондови се реализираа во износ од 701 милиони денари, за вкупно 210.519 членови, во рамките на кои (со состојба во март) бројот на новозачленети корисници изнесува15.379 нови членови.

За исплата на ***паричен надоместок на невработените лица*** преку Агенцијата за вработување се наменија 435 милиони денари за материјално обезбедување на 24.528 лица што претставува зголемување за 963 лица во споредба со декември минатата година. Покрај редовната и навремена исплата на

надоместоците на невработените лица, Агенцијата за вработување во овој период иницирање поголеме поддршка на активните мерки за вработување, спроведување на проектот за самовработување со кредитирање, организирање на јавни работи како и редовни обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.

Средствата за финансирање на ***здравствените услуги*** и надоместоци се реализираа во износ од 4.808 милиони денари или 25% од планираниот износ за оваа намена, во согласност со видот и обемот на здравствени услуги. Фондот за здравствено осигурување во овој период од годината продолжи со дополнување и преиспитување на референтните цени за болничка здравствена заштита, унапредување на процесот на буџетирањето и зајакнување на воспоставените контроли, интензивирање на активностите за воведување на трезорското работење на јавните здравствени установи и тековно сервисирање на достасаните неизмирени обврски за лекови и медицински потрошен материјал во јавните здравствени установи.

Во рамки на ***другите трансфери***, од буџетот редовно се трансферираа дотациите до единиците на локална самоуправа, при што 299 милиони денари од приходот од данок на додадена вредност се трансферира на локално ниво, додека 2.879 милиони денари се трансферираа како блок дотации за финансирање на пренесените надлежности во вкупно 68 општини кои преминаа во втора фаза на децентрализација (исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи) и наменски дотации за финансирање на материјалните трошоци во локалните јавни установи. За разлика од минатата година во овој период од годината навремено започнаа активностите за доделување на субвенции во земјоделието, при што во првиот квартал од годината исплатени се 33% од планираниот износ за субвенции и тоа за тутунско производство, подигнати овошни насади, обележани грла говеда, произведено и продадено млеко и житни култури).

За редовно сервисирање на обврските по основ на ***камати*** во истиот период се наменија 437 милиони денари согласно амортизационите планови за домашно и надворешно задолжување, од кои 296 милиони денари се однесуваа на камати по надворешно задолжување.

***Капиталните расходи*** во првиот квартал од годината се реализираа на ниво од 2.579 милиони денари или околу 9% од планираниот износ, пред се , пред се заради навремено отпочнување со тендерските процедури. Во рамките на остварените капитални расходи 263 милиони денари се реализираа како инвестиции во патната инфраструктура на Агенцијата за државни патишта. Активностите на оваа агенција во односниот период беа воглавно насочени кон завршување на градежните работи на обиколницата Скопје (прва фаза) и патниот правец Табановце-Куманово, како и интензивирање на подготвителните активности за склучување на договори за новите делници од патните правци: М-6 Штип-Струмица, Р-106 Градско-фариш-Ленски мост-Прилеп, Р-112 Коњско Кожув, М-5 Обиколница Охрид, К1-Р-104 Коломот мост, с. Близанско и Куклиш-Банско. Истовремено се склучија и договорите за изградба на 11 регионални патни правци во рамките на проектот “Подобрување на регионалната и локалната патна мрежа“ финансиран од Светска Банка и тоа за следните делници: Илинден-Калуѓерац, Ржаничино-Св. Николе, Лакавица-Неготино, Давидово-Раброво, Страцин-Пробиштип, Струга-Дебар, Прилеп-Македонски брод, и др. Истовремено во тек е постапката за ревизија на проектите поднесени од над 30 општини за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта, кои ќе се финансираат со кредитни средства од Светска банка и ЕБРД.

Ограничените приливи во буџетот овозможија ***отплата на главница*** по превземените обврски по кредити во износ од 975 милиони денари, од кои 593 милиони по основ на странско задолжување и 382 по основ на домашно задолжување., со кои се обезбеди редовна отплата на главницата по надворешниот и внатрешниот долг на Република Македонија.

## 5. Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2009 година и фискална политика до крајот на годината

Република Македонија во почетокот на 2009 година се соочи со сериозни проблеми предизвикани од влијанието на глобалната економска криза. Имено:

1. Светската економска криза, која на почетокот започна само во финансискиот сектор, изненади по својата длабочина и мултидимензијалност. При тоа во првиот бран додека кризата имаше чисто финансиски димензии земјите од Централна и Источна Европа вклучувајќи ја тука и Р. Македонија беа доста резистентни. Набргу овие земји се соочија со проблемот на аверзија на инвестициионите вложувања во ризични подрачја, особено во земјите во транзиција врз кој модел овие земји го базираа својот развој. Имено македонската економија во последните неколку години како и другите земји од регионот, својот модел на развој го базираше главно на приливот на странски и домашни инвестиции со висок дефицит во тековната сметка, кој имаше здрави извори на финансирање во форма на директни и потфолио инвестиции, девизни дознаки од странство и слично.
2. Вториот проблем за македонската економија и земјите што се во слична состојба е намалената екстерна побарувачка, врз која основа дојде и до контракција на домашната побарувачка. Одлуките на банките за финансирање на населението и стопанството, како и одлуките на населението во однос на штедењето се исто така под влијание на светските очекувања. Сето ова особено се одрази во реалниот сектор во рамките на кој особено се погодени металургијата, текстилната индустрија и транспортот.
3. Рецесијата во развиените земји значително ги лимитира извозните можности на македонските фирми, што вонредно е неповолно совпаѓање со високиот дефицит на тековната сметка на платниот биланс главно детерминиран од трговскиот дефицит.
4. Не е за потценување и фактот што кризата не затекна во состојба на блокираност на процесот на интеграција во евро-атлантските структури, што без сомнение има дополнителни негативни импликации врз бизнис климата.

Ваквите состојби кон крајот на минатата година и првиот квартал од оваа година, кои имаа соодветно влијание врз макроекономските движења и остварувањето на приходите во Буџетот, ја наметна потребата од фискално прилагодување на Буџетот и подготовка на Ребаланс на Буџетот.

***Измените и дополнувањата на Буџетот на Р.М. за 2009 година*** се темелат на неколку основни претпоставки :

### Буџет на Република Македонија за 2009 година

| | Буџет 2009 | Ребаланс Буџет 2009 |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***153.215*** | ***143.076*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **126.525** | **116.482** |
| Даночни приходи | **88.594** | **78.451** |
| Придонеси | **37.931** | **38.031** |
| **Неданочни приходи** | **21.105** | **21.745** |
| **Капитални приходи** | **2.537** | **2.537** |
| **Донации** | **3.048** | **2.312** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | ***164.797*** | ***154.516*** |
| **Тековни расходи** | | ***135.926*** | ***130.796*** |
| | Плати и надоместоци | *25.154* | *24.177* |
| | Стоки и услуги | *22.693* | *19.189* |
| | Трансфери до ЕЛС | *12.342* | *12.792* |
| | Субвенции и трансфери | *9.218* | *9.265* |
| | Социјани трансфери | *63.016* | *62.438* |
| | Каматни плаќања | *3.504* | *2.935* |
| **Капитални расходи** | | **28.871** | **23.720** |
| **ДЕФИЦИТ** | | **-11.582** | **-11.440** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | | **11.582** | **11.440** |
| **Прилив** | | ***19.689*** | ***19.548*** |
| | Домашни извори | 8.550 | 6.050 |
| | Странски извори | 7.155 | 13.498 |
| | Депозити | 3.984 | 0 |
| **Одлив** | | ***8.107*** | ***8.108*** |
| | Отплати на странско задолжување | 2.271 | 2.272 |
| | Отплати на домашно задолжување | 5.836 | 5.836 |

На ***приходната страна*** ревидирање на иницијално планираните приходи и нивно намалување за 10,1 милијарди денари, односно околу 7 % во однос на иницијално планираните проекции, пред се заради:

1. Значително намалено остварување на даночните приходите во првиот квартал од 2009 година, како последица на влијанието на кризата во реалниот сектор,
2. Ревидирање на даночните приходи во согласност со намалената стапка на пораст на БДП од 1% и стапка на инфлација од 1% и
3. Вкалкулирање на ефектот во проекцијата на данокот од добивката како дел од стумулативниот пакет на мерки, кој што Владата на Р.М. го усвои кон крајот на годината.

Во рамките на вкупните приходи ***даночните приходи*** се ревидирани на пониско ниво за 10,1 милијарди денари или околу 12 % во однос на планираните со Буџетот во чија структура, најголемо е намалувањето на данокот на добивка, (за околу 50%) како ефект од мерката за ослободувањето на оданочувањето на добивката, намалувањето на данокот на додадена вредност (за 9%) и персоналниот данок на доход (за 9 %).

Останатите приходи на Буџетот на Р.М. по основ на социјални придонеси, неданочните приходи и капиталните приходи, остануваат приближно непроменети со иницијалните проекциии.

На ***расходната страна*** ревидирање на иницијално планираните расходи во согласност со просторот кој го обезбедуваат ревидираните приходи и тоа:

1. Намалување на категоријата на расходи за исплата на ***плати и надоместоци*** за вработените кај буџетските корисници и фондовите за околу 4%, како резултат на вклучување на ефектот од :

-Одложување на планираното зголемување на платите за 10% на вработените во јавната администрација од октомври месец оваа година за следната година, (ефект проценет во износ од 532 милиони денари);

-Времена забрана за нови вработувања на неопределено време и привремени вработувања во државната администрација и јавниот сектор, освен продолжување на согласностите за веќе ангажираните лица преку Агенциите за

привремени вработувања, вклучувајќи ги и вработувањата на трајно испразнетите работни места по разни основи (ефект проценет во износ од 328 милиони денари);

-Вклучување на ефектот од договореното зголемување на платите во основното и средното образование согласно потпишаната Спогодба со СОНК (зголемување на надоместокот за исхрана од 2.300 на 3.200, односно за 900 денари) во износ од 214,6 милиони денари, кој како ефект е вкалкулиран во планираниот износ за блок дотации до единиците на локалната самоуправа.

2. Намалување на ставката за ***тековни расходи за стоки и услуги*** кај сите буџетски корисници за 3,5 милијарди денари или за 15 % во однос на планираните, за сметка на нивно поголемо финансирање од сопствени приходи кои одделни буџетски корисници ги остваруваат, без при тоа да се наруши нормалното функционирање на буџетските органите. Во рамките на овие расходи приоритет треба да се даде на редовното покривањето на обврските за комунални услуги и електрична струја, за сметка на непродуктивните расходи за патување, трошоци за мобилни телефони, разни договорни услуги, особено нови договорни вработувања, промотивни активности и кампањи и трошоци за репрезентација. Во функција на овие намалувања ќе се спроведуваат ригорозни контроли на надоместоците и другите трошоци на членовите на управните и надзорните одбори, лимитирање на трошоците за мобилни телефони, како и забрана на исплаќање на хонорари за комисии формирани во рамките на министерствата, агенции и фондови, институти, јавни претпријатија и акционерски друштва со државен капитал. Во рамките на потребата за намалување на расходите неминовно беше и намалувањето на одделни трошоци сврзани со планираните реформи во образованието (стандардизираните тестови) и одложување на плаќањето на обврските сврзани со имплементацијата на задолжителното основно и средно образование во наредната година.

3. Проектирање на ***социјалните трансфери*** на приближно исто ниво како првично планираните проекции, со цел навремена исплата на постојните законски обврски за исплата на социјални надоместоци, пензии и надоместоци на невработените лица, како и исплата на здравствени услуги од Фондот за здравствено осигурување на јавните здравствени установи.

4. Планирање на ***трансферите до единиците на локалната самоуправа*** на приближно исто ниво, пред се заради вклучување на ефектот од намалување на платите на вработените во јавните установи на локално ниво за 10% во последните три месеци и зголемувањето на платите согласно договорената спогодба со СОНК за шест месеци почнувајќи од јуни оваа година.

5. Намалување на ***капиталните расходи*** за 5.1 милијарди денари, или околу 18% во однос на проектираните со буџетот, пред се заради потребата од одложување на сите капитални проекти со доминантна увозна компонента, со цел намалување на притисокот врз платниот биланс и давање на приоритет на сите оние проекти кои значат ангажирање на градежниот сектор и домашните компании.

Во овие рамки намалени се капиталните проекти сврзани со опремување на репрезентативните објекти на Р.М., набавка на планираната опрема за лабараториите во универзитетите и научните установи, расходите за набавка на опремата за државна безбедност во МВР, трошоците за купување на амбасади во МНР, за набавка на опрема во Царинската управа, планираните проекти во Министерството за транспорт и врски (набавката на автобуси, изградбата на источна и западна трибина, доградба на ГТЦ, средствата за водоводи и јавни тоалети, каскадни прегради на реката Вардар), одделни проекти во Министерството за образование и наука сврзани со опремувањето на универзитетите, проектите од областа на спортот во Агенцијата на млади и спорт (олимписки базени, фудбалски и тениски игралишта), проектите во здравството сврзани со набавката на медецинската опрема, планираното поврзување на јавните здравствени установи и здравствената картичка, како и намалување на расходите за проектите во Министерството за култура (Македонска филхармонија, Турски театар,

Универзална сала и Музеј на ВМРО и Музеј на жртви на комунизмот). Истовремено продолжена е забраната за набавка на мебел, опрема, возила други непродуктивни расходи кај сите буџетски корисници.

Согласно наведените претпоставки, со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, ревидирани се иницијалните проекции на приходите и расходите, при што се предвидува фискалната политика до крајот на 2009 година да се реализира во рамки на намалени приходи во износ од 143.076 милиони денари, кои ќе бидат наменети за финансирање на оценетите расходи на ниво од 154.516 милиони денари.

Во рамките на вака ревидираните проекции на буџетските приходи и расходи, Владата на Р.М. и понатаму останува на политиката за фискално стимулирање на забавениот економски раст, односно со Ребалансот на Буџетот за 2009 година буџетскиот дефицит е планиран на исто ниво од 2,8 % од БДП (во кој е вклучен дефицитот на основниот буџет од 2,3% од БДП и дефицитот на Агенцијата за државни патишта од 0,5 % од БДП). Во рамките на проектираниот дефицит и понатаму околу 1 % од БДП се должи на зголемените инвестиции во патната и железничката инфраструктура, како и за експропријациони активности и подготовка на проектна и техничка документација, како клучни инвестиции за ангажирање на градежниот сектор, домашните компании на вишокот на работната сила.

Имено во услови кога трите главни компоненти на БДП, извозот, потрошувачката на домаќинствата и инвестициите опаѓаат, единствена компонента која може да се зголеми и да влијае на забрзување на економската активност е јавната потрошувачка. Тоа би значело дека доколку фискалната политика во услови на неизвесност во поглед на можностите за финансирање на тој дефицит и остварување на ревидираните приходи, успее да ги реализира планираните инвестиции во инфраструктурни и продуктивни проекти, значително ќе придонесе за ублажување на падот на приватната потрошувачка и стимулативно ќе влијае врз економскиот развој.

Планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг, ќе се обезбедат од домашни извори односно од емисијата на државните хартии од вредност, со интенција за намалување на аукциите и нивна замена со странско задолжување (евро обврзница, задолжување кај комерцијални банки или кај меѓународни финансиски институции.)

Намалувањата предложени со Измените и дополнувањата на Буџетот на Р.М. за 2009 година заедно со последниот пакет од седумдесет антикризни мерки на Владата на Република Македонија сврзани со: директна кредитна поддршка на приватниот сектор во износ од 100 милиони евра од ЕИБ, мерките за поедноставување на царинското работење и побрз проток на стоките на граница, Стопанската комора, ќе создадат услови за одржување на макроекономскта стабилност во државата, намалување на притисокот и одржлив дефицит во платниот биланс, како и стабилен девизен курс на денарот.

# ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат за реализација на стратешките приоритети и истите се во функција на забрзување на економскиот раст, интензивирање на интеграционите процеси на Република Македонија во НАТО и ЕУ, борба против корупцијата, спроведување на еднакви права на етничките заедници и инвестиции во образованието. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РМ и тоа: Одлука за утврдување на стратешки приоритети. Мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ, Макроекономска политика, претходните аранжмани со ММФ и повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Во многу случаи, утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Најдобар пример за тоа е Министерството за одбрана, каде што голем дел од оперативните политики и процедури се променети во насока на исполнување на стандардите за влез во НАТО.

Фискалната политика за наредната година рефлектирана во Буџетот за 2009 година, има за цел да обезбеди имплементација на овие програми, информации за користењето на средствата, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

во илјада денари

| Програма | Назив | Општ буџет од централни приходи | Буџет на донации | Буџет на само-финансирчки активности | Буџет на заеми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Децентрализација | 12,755,604 | 0 | 0 | 0 | 12,755,604 |
| Б | Мерки за намалување на сиромаштијата | 719,040 | 0 | 0 | 0 | 719,040 |
| В | Унапредување на одбраната и безбедноста | 164,782 | 0 | 0 | 0 | 164,782 |
| Г | Јакнење на владеењето на правото | 148,189 | 0 | 0 | 207,744 | 355,933 |
| Д | Економски развој | 1,442,715 | 1,452 | 0 | 0 | 1,444,167 |
| Ѕ | Инвестиции во образованието | 850,958 | 230,000 | 0 | 93,053 | 1,174,011 |
| И | Реформа на здравството | 18,000 | 0 | 502 | 96,769 | 115,271 |
| К | Реформа на јавната администрација | 295,722 | 0 | 750 | 0 | 296,472 |
| Л | Реформа на катастар и регистрација на недвижности | 23,850 | 0 | 0 | 150,350 | 174,200 |
| М | Интеграција во ЕУ | 211,739 | 90,144 | 0 | 0 | 301,883 |
| Н | Информациски и комуникациски технологии | 1,214,500 | 0 | 0 | 0 | 1,214,500 |
| | **ВКУПНО** | **17,845,099** | **321,596** | **1,252** | **547,916** | **18,715,863** |

**ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ**
**(вкупен износ, во илјада денари 18.715.863)**




Во посебниот дел на Буџетот за 2009 година, програмските компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани како програми кај одделните буџетски институции. Во продолжение се резимирани владините програми.

## А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст и обезбедувањето на локалните услуги, како и подобрувањето на образовниот и културниот развој на општините се јавува како приоритет согласно Рамковниот договор и Мерките и активностите за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ. Повеќе меѓународни институции и влади на други држави обезбедија техничка и финансиска помош во процесот на спроведувањето на децентрализацијата.

Општините презедоа надлежности во повеќе области кои се особено значајни за населението, со што се зголемија и обврските за јакнење на капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства, кои со законите им се доделени за реализација на нивните изворни и пренесени надлежности.

Оваа програма се реализира преку две *потпрограми А0-Децентрализација и А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС.* Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза.

Првата фаза отпочна да се спроведува во втората половина на 2005 година со пренесување на надлежностите на општините и потребните ресурси за нивно извршување. Во најрано утврдениот законски рок, две години потоа, стартуваше втората фаза. Врз основа на објективни критериуми за оценка на исполнетост на условите, пристап до блок дотации имаат 80% од општините и истите се во втората фаза од фискалната децентрализација.

До крајот на 2009 година се очекува со блок дотации да се финансираат сите општини во областите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со пренесувањето на надлежностите и извршената евалуација на исполнетоста на условите за втората фаза на фискалната децентрализација.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините во рамките на дејноста на основното и средното образование се врши преку Министерството за образование и наука, со наменска и блок дотација врз основа на критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Надлежностите пренесени во дејностите од културата целосно се финансираат преку Министерството за култура за расходите поврзани со програмите за локалните културни установи, согласно со критериумите утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија, односно со наменски и блок дотации.

Надлежностите во општествената заштита на децата и социјалната заштита се финансираат за пренесените надлежности во овие дејности, преку Министерството за труд и социјална политика, со наменските и блок дотации врз основа на критериуми утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на платите, додатоците од плати и надоместоците за вработените во територијалните противпожарни единици кои се пренесени на општините се врши преку Министерството за внатрешни работи во согласност со утврдени критериуми во уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности во општините во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - домови за стари лица и детски градинки и во противпожарните територијални единици во текот на 2009 година се врши

самостојно од страна на општината, преку наменски и блок дотации. Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, како и посебни проекти за подобрување на условите за живеење во неразвиените подрачја во функција на намалување на сиромаштијата. Активностите во рамките на оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку следните *потпрограми: БА-Поттикнување на вработувањето; ББ-Ревитализација на села; БВ-Електрификација на села,* кои како развојни се повеќегодишни потпрограми во функција на економскиот развој.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Македонија и поттикнување на Министерството за одбрана како носител на овие активности да продолжи со интензивирање на процесот за влез во НАТО. Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ВА-Интеграција во НАТО,* како развојна повеќегодишна потпрограма, која индиректно придонесува за зголемување на економскиот развој на Републиката.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата; продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд; борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството. Активностите од оваа програма се реализираат преку две потпрограми: *потпрограмата ГА-Реформа на судството* која е објаснета во развојниот дел од буџетот и *потпрограмата Г1-Борба против корупција и организиран криминал* која ги опфаќа планираните активности за 2009 година предвидени со Акцискиот план за борба против корупцијата како еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија.

Акцискиот план за борба против корупцијата ги опфаќа мерките и активностите во надлежност на министерствата, органите на државната управа и другите државни органи во надлежност на Владата на Република Македонија, кои имаат за цел спречување на корупцијата и организираниот криминал во следните области: политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавна администрација и локална самоуправа, органи за спроведување на законот-надзорни тела, економски и финансиски систем, приватен сектор, граѓанско општество, медиуми и синдикати. Реализацијата на мерките и активностите од Акцискиот план за борба против корупцијата ќе придонесат: да се ревидира законодавството за употреба на специјалните истражни мерки во делот на кривичните дела поврзани со корупцијата, да се донесе програма за конфликт на интереси, да се постигнат резултати од примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба итн.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој како еден од главните стратешки приоритети и креирање на нови работни места, Владата на Република Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат преку следните потпрограми: *потпрограмата ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, потпрограмата ДВ-Технолошки индустриски развојни зони, потпрограмата ДГ-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, потпрограмата ДЕ-Поддршка на инвестициони вложувања* , кои се прикажани во развојниот дел од буџетот како повеќегодишни развојни потпрограми, кои придонесуваат за развојот. Во рамките на оваа програма се реализираат и активностите во потпрограмите: *Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, Д4-Економска промоција и Д7-Унапредување на деловните активности.*

Во рамките на *потпрограмата Д1- Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија* продолжуваат активностите за поддршка на мали и средни претпријатија, активности за воспоставување на поволна клима за развој на претприемништво и развој на соодветна институционална и бизнис инфраструктура за поддршка на иновативноста, извозната ориентација и соработка во секторот на мали и средни претпријатија, развој на инструменти за финансиска и нефинансиска поддршка за поттикнување на претприемништво. Како цел на програмата е зголемување на конкурентската способност на малите претпријатија за која како показател за успешно остварена цел ќе бидат бројот на мали претпријатија - извозници и бројот на земји во кои се извезува.

*Во потпрограмата Д4- Економска промоција* во рамките на Владата на Република Македонија реализирани се активности за промоција на Македонија во странски земји како туристичка дестинација, обезбедување на бесплатна обука за компјутери за сите заинтересирани граѓани на Република Македонија, подигнување на свеста на граѓаните за читање на книги, за етика и етичко однесување, јавна чистота и отпад, почитување на добрите вредности. Превземени се ангажмани и активности во насока на проучување на постојната клима за инвестирање преку идентификување на најразлични форми на пречки во економијата, правниот и политичкиот систем.

Во рамките на оваа потпрограма Агенцијата за странски инвестиции во текот на 2009 година ги реализира активностите во насока на зајакнување на процесот на економска промоција за која цел се ангажирани 21 економски промотор во 19 земји во светот во насока на подигнување на свеста на странците за инвестиционите погодности кои ги нуди Република Македонија. Истовремено се врши координација на странска помош од аспект на доусовршување на методите на услужување на странските инвеститори и зајакнување на клучните маркетинг пораки. Во текот на 2009 година започна емитувањето на телевизиски спот за инвестиционите потенцијали на Република Македонија во светски реномирани и најгледани телевизиски канали, како и национални телевизии во земјите каде се алоцирани економските промотори. Редовно се проширува маркетинг базата на податоци за економските индикатори и компаниите-потенцијали инвеститори од земјите кои ги покриваат економските промотори, се ажурираат анализите за индустриските сектори на автомобилската индустрија, агро бизнисот, информатичката технологија, софтвер и фармација и медицински помагала и изработка на нов дизајн и нови промотивни материјали.

Продолжуваат активностите за прецизирање на договорите за инвестирање со компаниите со кои е потпишан меморандум за разбирање во последното тромесечие на 2008 година и првото тромесечие на 2009 година;

придружување на инвеститорите при теренски посети на домашни компании, расположливи фабрички и останати капацитети во земјата. Се организираат средби со релевантни владини претставници и подобрување на after care третманот на компаниите кои веќе инвестирале во нашата земја, преку поддршка при административните процедури за имплементација на законската регулатива од областа на работните односи за странци, даночните и царинските олеснувања и останати инвестициони поволности потребни за успешна реализација и одржување на инвестиционите проекти.

*Во потпрограма Д7-Унапредување на деловните активности* реализирани се активности во насока на реализација на Програмата на Владата на Република Македонија во делот на подобрување на вештините на менаџерите во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на македонските компании. Продолжуваат активностите за подобрување на регистрацијата на деловната активност, зајакнување на конкурентноста на секторот претпријатија, унапредување на домашното производство и укинување на бариерите за влез на странски инвестиции во земјата.

## S. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на 2009 година во рамките на оваа програма се врши финансирање на значајни активности во насока на спроведување на бројните реформи во оваа дејност. Во рамките на оваа владина програма се реализираат повеќе потпрограми: *потпрограмата SA - Изградбата на основните училишта, потпрограмата SБ – Реконструкција на основните училишта, потпрограмата SB – Изградба на училишни спортски сали во основни училишта, потпрограмата SГ – Изградба на средни училишта, потпрограмата SД – Реконструкција на средни училишта, потпрограмата SE – Изградба на училишни спортски сали во средните училишта, потпрограмата SИ – Реконструкција на ученички домови, потпрограмата SJ – Изградба на студенстки домови и потпрограмата SK – Реконструкција на студенстки домови* кои како повеќегодишни потпрограми се прикажани и подетално објаснети во развојниот дел од буџетот.

Во рамките на оваа програма се реализира и *потпрограмата S1-Програма за модернизација на основното образование* како и *потпрограмата S2-Програма за модернизација на средното образование* кои се однесуваат на Проектот за модернизација на образованието. Овој проект за модернизација на образованието се имплементира преку Министерството за образование и наука и се финансира со грант од Владата на Република Холандија, заем од Светска Банка и буџетски средства од Владата на Република Македонија. Во рамките на овој проект се имплементираат три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата, обуката во училиштата и преку програма на грантови до училишта; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Целта на оваа програма е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието.

## И. РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Активностите во рамките на програмата Реформа на здравството - проект кофинансиран со заем од Светска банка и техничка помош од Холандската Влада, во суштина претставуваат континуитет на активностите во изминатиот период, главно насочени кон надградување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за формулирање и ефективна имплементација на политиките за здравствена заштита, здравствено осигурување, финансиски менаџмент и склучување на договори со вршители на услуги, како и развивање и имплементирање на ефикасна шема на реструктуирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услуги за дневна нега и зајакнување на примарната здравствена заштита.

Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ИА- Реформа на здравството,* со оглед на тоа што активностите се реализираат повеќе години и со одделни компоненти на заемот сврзани со реконструкција на клиниките се придонесува кон забрзување на економскиот развој.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности сврзани со потребата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање на ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на интеграционите процеси во ЕУ и НАТО. За таа цел се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите, како и натамошно усовршување на вработените со ЕУ регулативите.

Оваа програма се реализира преку две потпрограми: *К2- Стручно оспособување и усовршување* и *К5- Соодветна и правична застапеност на заедниците.*

*Потпрограмата К2- Стручно оспособување и усовршување* ги опфаќа реформите во јавната администрација во насока на зголемување на квалитетот, капацитетот и професионалноста на јавната администрација која има носечка улога во евроатланските процеси и оспособување за генерички обуки на државните службеници, како составен дел на Годишната програма за 2009 година.

Во рамки на *потпрограмата К5- Соодветна и правична застапеност* на заедниците се обезбедува адекватна застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Л. РЕФОРМА НА КАТАСТАР И РЕГИСТРАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТИ

Целта на оваа програма е изградба на ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување на права (регистрација) во Република Македонија, што ќе придонесе за создавање и развој на ефикасни пазари за земјиште и недвижности. Активностите од оваа програма се реализираат во рамки на *подпрограмата Л1 – Реформа на катастар и регистрација на недвижности* во чии рамки се остваруваат следните цели преку трите компоненти кои ги содржи оваа владина програма:

Во првата компонента се врши комплетирање на катастарот на недвижности и запишување на права во сите урбани и полу-урбани средини на земјата до крајот на 2009 година.

Целта на втората проектна компонента - Институционален развој и подобрување во доставувањето на услугите е трансформација на ДЗГР во современ и ефикасен национален катастар и агенција за запишување и подобрување на услугата во сите локални и регионални канцеларии.

Третата проектна компонента - Развој на земјишна политика, ќе обезбеди поддршка за подобрување на капацитетот на Владата во формулирање и развивање политики потребни за комплетирање на катастарот на недвижности и целосно фукнционирање на пазарите на земјиште и недвижности.

Агенцијата за катастар на недвижности до крајот на 2009 година планира да реализира 86.40 % воспоставен катастар на недвижности и регистрација на правата и да воспостави дигитални катастарски планови за 33% од територијата на Република Македонија. Во тек е изработка на катастарски планови со што би се овозможило 100% покриеност на Република Македонија со основни катастарски планови, подготовка на Студија на нивелманска и гравиметриска мрежа, Студија за попис на државно земјиште-Пилот проект Струмица и изработка на Студија за легализација на диви градби.

## М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Дел од активностите од оваа програма ќе се реализираат преку *потпрограмата М4-Поддршка на институции за приоритетни ЕУ проекти* во Секретаријатот за европски прашања во која се планирани средства за набавка на софтвер за Интегрирано гранично управување.

Во рамките на оваа програма се прикажани и активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку следните компоненти:

***МА - Помош при транзиција и институционална надградба***; Како корисници на средствата од првата компонента на ИПА се јавуваат повеќе ресорни министерства, агенции и државни органи на кои се однесуваат проектите во рамките на оваа компонента и тоа во следниве области:

1. *Добро владеење и владеење на правото:* кои проекти имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ.
2. *Економски развој и социјална кохезија:* кои проекти се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика (наплата на даноци, контрола на трошоците и сл) и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.
3. *Acquis:* проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.
4. *Техничка помош:* проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3, 4 и 5).

***МБ - Прекугранична соработка;*** Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји, со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој.

Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа.

***МВ - Регионален развој;*** Третата компонента има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (70-80% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (20-30% од вкупните алокации).

Имплементатори на реализацијата на проектите финансирани во рамките на Третата компонента на ИПА се Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

***МГ - Развој на човековите ресурси;*** Четвртата компонента на ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Проектите во областа на вработувањето имаат за цел привлекување и задржување на вработените преку подобрување на информатичката инфраструктура на Агенцијата за вработување, поддршка при спроведување на Стратегијата за вработување, подобрување на состојбата на младите луѓе, жените и невработените лица на пазарот на труд. Проектите во областа на образованието се насочени кон инвестиции во човечки капитал преку подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд како и подеднаков пристап за сите етнички заедници до образовните институции. Проектите во областа на социјалното вклучување се насочени кон зајакнување на интегрирањето на луѓе со посебни потреби, развој на инфраструктура за алтернативни форми на социјални услуги, за унапредување на социјалната вклученост, интегрирање на малцинствата, како и активно учество на граѓанскиот сектор.

Во реализацијата на проектите финансирани во рамките на четвртата компонента од ИПА учествува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

***МД - Рурален развој;*** Петтата компонента ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

Проектите кои се предвидува да бидат финансирани со средствата од ИПА фондовите се наведени во развојниот дел на буџетот.

## Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Со оваа програма се обезбедува имплементација на проектот-услуги, изработка на идејните сотферски решенија за Е-Влада и електронска здравствена картица, како и имплементација на проектот Документ менаџмент систем.

Активностите од оваа програма се реализираат во рамки на *потпрограмата НА-Развој и имплементација на ИКТ* која овозможува зајакнување на институционалните капацитети на министерствата и другите органи на државната управа, забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди силна ИТ основа за сите хоризонтални програми и директна и индиректна поддршка во реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија.

Во текот на 2009 година, Министерството за информатичко општество продолжи со имплементација на Проектот за електронско зачувување и раководење со документи во државна управа. Со цел реализација на овој проект, набавен е соодветен софтвер за негова имплементација, преку кој се планира да се обезбеди полесна достапност до сите документи процесирани во секоја Владна институција со креирање на електронска компактна база. Подготвена е студија на изводливост, софтверско и хардверско решение за поврзување на регистрите-базите на податоци и информации за граѓаните на Република Македонија помеѓу институциите, со што е планирано да се обезбеди безбедна меѓу-институционална размена на податоци од базите на податоци во државните институции и ќе се елиминира креирањето дупли бази на податоци во институциите. Дефинирана е техничка спецификација за објавување на јавна набавка за инсталирање на систем за авторизација на државната управа, со што се планира сите државни службеници да имаат електронски потис кој ќе е наменет за внатрешна употреба, а ќе цели кон зголемување на ефикасноста на административните процеси. Со цел реализација на дополнителната компјутеризација во основните училишта, во тек е воспоставување на комуникациска инфраструктура и инсталација на компјутери и периферни уреди во основните училишта. Финализиран и тестиран е системот за спроведување на екстерното тестирање во Република Македонија, што е планирано за крајот на оваа учебна година. Во рамките на Проектот за промоција на македонските зборови се работи на идентификување на голем број на зборови за кои секојдневно се користат англиски термини и извршена е јавна набавка за изработка на официјални македонски фонтови, кои би се користеле во државните институции.

# БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

## 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 56.181 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и на меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите во Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година активностите на Претседателот на Република Македонија се извршуваат во рамки на една буџетска програма. Во функција на остварување на приоритетите целите кои произлегуваат од неговите надлежности се преземаа активности за јакнење на одбранбената способност на земјата, зачувување и јакнење на внатрешната стабилност; афирмација и подобрување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница, заокружување на реформите во Армијата на Република Македонија и создавање на услови за остварување на стратешката цел на земјата за полноправно членство во НАТО; афирмација на меѓународен план на резултатите од досегашните успешни реформи во општеството како услов за целосна интеграција на земјата во Европската унија, афирмација на Република Македонија пред светската културна и научна јавност како замја со исклучително богато културно и историско наследство. Активностите се превземаат согласно планираната динамика.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 31
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.780

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на меѓународни посети на претседателот и возвратни посети на државници од други земји: планирани 4, реализирани 4

## 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 175.337 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во извршувањето на утврдените законски функции и надлежности, Агенцијата за разузнавање ги реализира планираните активности во 2009 година кои се во насока на успешна реализација на утврдените приоритети и цели.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 247
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 698

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 499.984 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт во државата. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година, Собранието на Република Македонија донесе 44 закони, 12 одлуки и други акти 5. Реализирани се активности од меѓународната соработка со активно учество на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, Конференција на НАТО за градење на интегритетот и одбрамбените институции, колоквиум за "Односите меѓу ЕУ и НАТО", семинар "Визен и граничен менаџмент" за парламентите на земјите од Западен балкан, колоквиум на тема "Цивилно-воената соработка во менаџментот на кризи", седница на Комисијата за парламентарни прашања на ПФС, учество на 57 Национален молитвен појадок, Конференција на претседателите на секциите на ПС на франкофонија- Регион Европа, студентска посета на ПС на СЕ во Стразбур, учество на Првиот дел на Редовната годишна сесија на ПС на СЕ за 2009 година, остварена е официјална посета на Делегација на Секинескиот Народен Конгрес на Република Македонија, посета на претседателот на Собранието со делегација –пратеници и вработени од Службата на Народното Собрание на Република Србија и Големото Национално Собрание на Република Бугарија и други активносто на домашен и меѓународен план. Реализирани се активности за ентериерно уредување на Сала 2 во библиотека "Борис Трајковски".

Во наредниот период продолжуваат активностите со зголемена динамика кои ќе бидат насочени кон донесување на закони, подзаконски акти, одлуки, декларации, резолуции, кои ќе придонесат за приближување кон стандардите на ЕУ.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 336
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 1.200

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на денови на одржани седници: планирани 165, реализирани 15
Број на часови на пренесени седници: планирани 1.190, реализирани 57

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 151.971 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за ревизија е единствен, самостоен и независен орган основан со Законот за државна ревизија во 1997 година од страна на Собранието на Република Македонија, со задача да обезбеди контрола на законското и наменското трошење на јавните средства, јакнење на финансиската дисциплина, отчетноста, ефикасноста, економичноста и ефективноста на субјектите кои управуваат со јавните средства. Согласно Регулативата на Европската Комисија, а за воведување на ИПА инструментот за пред-пристапна

помош, во рамки на Државниот завод за ревизија формирано е функционално независно Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската Унија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Државниот завод за ревизија во текот на 2009 година врши спроведување и реализација на усвоената Стратегија за развој во периодот 2008-2012 година и активно учествува за подготовка и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за Поглавје 32 – Финансиска контрола.

Во 2009 година главни приоритети на ДЗР се: донесување на нов Закон за државната ревизија со кој ќе се обезбеди јакнење на институционалната и финансиската независност и оперативните капацитети на ДЗР согласно препораките на ЛИМА Декларацијата, Декларацијата од Мексико за независност, Прашката декларација, препораките на Европската комисија и добрите практики на земјите членки на ЕУ, изготвување на Предлог за пристапување за измени на Уставот на РМ за дефинирање на ДЗР како уставна категорија и постигнување на целосна независност, зголемување на соработката со Собранието и Владата на Република Македонија и другите надлежни органи со цел информирање за користењето и управувањето со јавните средства, давање придонес во законското и наменско користење на јавните средства, информирање за основните сомненија за извршени кривични дела како и давање препораки во функција на подобрување на работењето на субјектите предмет на ревизија.

Во рамките соработката со Кралството Холандија и Холандскиот суд за ревизија во почетокот на 2009 година отпочна реализацијата на новиот двегодишен (2009-2010 година) проект преку програмата „МАТРА„. Во текот на 2009 година продолжува меѓународната соработка на ДЗР со учество во комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР, СИГМА и други меѓународни институции за следење на најновите трендови и искуства на ревизорските методи и вештини на ревизија.

Независното Ревизорско тело во системот на управување со пред-пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија (пред-пристапна помош-ИПА) ги има следните цели и задачи: верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола за ИПА и веродостојноста на сметководствените информации доставени од надлежните институции во Република Македонија до Европската Комисија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 112
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.294

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на извршени ревизии: планирани 100, реализирани 25

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 20.493 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, формирана врз основа на Законот за спречување на корупцијатата ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 07/07 и 10/08). Државната комисија е надлежна за примена и на Законот за спречување на судир на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/2007).

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал од 2009 година, Државната комисија за спречување на корупција го изготви Годишниот извештај за работата за 2008 година и согласно законската обврска го достави до надлежните институции.

Во текот на 2009 година како основен приоритет на Комисијата е имплементација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и операционализација на Акциониот план. Во таа смисла, од особена важност е одржувањето на Годишната конференција за оценка на имплементираноста на Државната програма.

Со донесувањето на Законот за спречување на судир на интереси, Комисијата доби дополнителни надлежности за чија операционализација се донесени Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси и Акциониот план, согласно кои по утврдената динамика се одвива спроведување на активностите. Во наредниот период континуирано продолжуваат активностите за јакнење на институционалната соработка со 15-те институции потписнички на Протоколот за соработка, се врши ажурирање на имотната состојба преку софтверската подршка на евидентирање, проверка и објавување на податоци, како и реализирање на законската обврска за јавно објавување на податоците од Анкетните листови.

Во првиот квартал на 2009 година во Братислава е потпишан Меморандум за разбирање и соработка со УНДП; продлабочена е соработката со државните надлежни органи и меѓународните антикорупциски тела на другите држави; имплементација на меѓународните правни акти за борба против корупцијата; јакнење на меѓународната соработка на билатерално и мултилатерално ниво и реализација на антикорупциски проекти, програми и документи во рамки на Советот на Европа, ЕУ, ОЕЦД, ООН, УНДП и други.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.371

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на добиени одговори за имплементација на активностите од државната програма за спречување на корупција: планирани 171, реализирани 136

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 437.033 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за претседател на Република Македонија, пратеници, градоначалници и советници, спроведување на референдуми, пропишува упатства и стандарди за спроведување на изборите и врши едукација и надзор над изборните органи.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година Државната изборна комисија успешно ги спроведе претседателските и локалните избори.

Продолжуваат активностите и за зајакнување и унапредување на соработката со другите државни институции и органи, активностите за ажурирање на Стратешки план на Државната изборна комисија и активностите за организирање на втора регионална средба на изборните комисии на земјите од Балканот; учество на делегација на Државната изборна комисија на Годишното собрание на АЦЕЕЕО во Констанца, Романија, учество во набљудувачки мисии, спроведување на меѓународна соработка на Државната изборна комисија како

членка на АЦЕЕЕО, продолжување на проектот со УНДП и организирање на едукативни семинари за изборните органи и гласачите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 20
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.687

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на одржани обуки: планирани:24, реализирани: 30

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.473 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 70/2006 и 22/07) е самостоен државен орган со својство на правно лице. Основна цел на Комисијата е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Ја утврдува методологијата за истражување на пазарот, утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата и друго предвидено со закон. Комисијата ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефекасна конкуренција, води постапкли и донесува одлуки согласно одредбите од законите. Комисијата согласно Законот за државна помош ("Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 70/06 и 55/07) врши контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија, со исклучок на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал од 2009 година, Државната комисија за заштита на конкуренција го изготви и достави Годишниот извештај за работа за 2008 година до Владата и Собранието на Република Македонија.

Донесени се уредбите кои ги предвидува Законот за заштита на конкуренцијата со што процесот на прилагодување и усогласување на законодавството во оваа област е привремено завршен. Реализирано е техничко опремување преку проектот БЕРИС финансиран од Светска банка и креирана е WEB-страна на Комисијата. Реализиран е Твининг проектот, управуван од Европската Агенција за реконструкција, финансиран од Европската Комисија, извршени се обуки за вработените и други таргетни групи. По истекот на Твининг проектот (август 2007) продолжуваат активностите во рамките на БЕРИС проектот, кој ќе трае до 2010 година, за подигнување на свеста за политиката на конкуренцијата и нејзиното значење за пазарната економија во земјата.

Во наредниот период продолжуваат активностите за вршење на анализа на пазарот каде што може да се идентификуваат нарушувања на конкуренцијата и активностите за понатамошна хармонизација на националното законодавство од областа на заштитата на конкуренцијата со acquis.

Реализирана е интензивна меѓународна соработка, првенствено со Европската комисија – Генералниот директорат за конкуренција како и сродни тела за заштита на конкуренцијата од другите земји, особено од соседните.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 23
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 92

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени решенија во управна постапка: планирани 4, реализирани 4
Број на донесени заклучоци: планирани 3, реализирани 3
Број на донесени оцени за концентрации: планирани 7, реализирани 7
Број на донесени одлуки за државна помош: планирани 1, реализирани 1

## 02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.772 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05 и 103/08) е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Основна надлежност на Дирекцијата за заштита на личните податоци е вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на лични податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година Дирекцијата за заштита на личните податоци продолжи со целосна имплементација на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите, развивање на односите со јавноста и подигање на јавната свест, интензивирање на инспекцискиот надзор над обработката на збирките на лични податоци, докомплетирање на информатичката инфраструктура и континуирано надградување на истата.

Отпочната е со работа Комисијата за одлучување по прекршок, при што Дирекцијата стана Прекршочен орган. Дирекцијата продолжува да дава голем број стручни мислења, толкувања и укажувања на прописите од областа на заштита на личните податоци, постапува по барања на граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, да зема учество на конференциите и состаноците на позначајните меѓународни тела и организации од областа на заштитата на личните податоци.

Во наредниот период продолжуваат започнатите активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци, како и воспоставувањето на Централниот регистар за збирките на личните податоци во Дирекцијата, преку кои ќе се оствари правото на информирање на граѓаните за тоа кои збирки на лични податоци се водат кај контролорите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 17
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 835

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на резлизирани контроли кај правни субјекти кои водат збирки на лични податоци: планирани 43, реализирани 43

## 02007 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 10.633 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Реформите во домашниот систем на јавните набавки кои ќе се имплементираат со новиот Закон ќе бидат насочени кон правната заштита во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и формирање на Државна комисија за жалби по јавни набавки. Истата ќе треба да ја замени досегашната Комисија за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Во изминатиот период Државната комисија за жалби по јавни набавки беше надлежна за решавање жалби во постапката за доделување на договори за јавни набавки.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 5
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.927

**02008 КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.000 илјада денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Комисијата за верификација на фактите е самостоен и независен орган кој ја води постапката за определување на дополнителниот услов за лице кандидат за носител или носител на јавна функција, изборна или во државна и јавна служба или друго јавно овластување, како и за други работи од јавен интерес. Предмет на Комисијата е уредување на постапката за верификација на факти и утврдување на несоработка со органите на државната безбедност.

**03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 35.847 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити човековите права и слободи, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката и за други прашања утврдени со Уставот.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Во текот на 2009 година добиени се 87 „У' предмети и 133 незавршени предмети од 2008 година поради карактерот и сложеноста на истите или вкупно 220 предмети со процент на решавање на предметите од 37,73%. Укинати се 20 членови од закони или други акти, донесени се 3 одлуки за поништување на членови од закони, завршени се 48 предмети со решенија, од кои издадени се 12 решенија за поведување на уставност или законитост. Исто така, примени се 40 „Р" предмети од кои 86,36% се решени. Бројот на примени и решени „У" предмети до крајот на годината ќе биде зголемен.

Покрај тоа, земено е учество на Семинар по повод 50 години од Европскиот суд за човековите права воден од страна на неговите сродни меѓународни судови и Свечена седница на Судот што се одржа во Стразбур, Република Франција; Учество на Светската конференција за Уставно право во Кејп Таун, Јужна Африканска Република и учество на конференција во Брисел.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 31
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.146

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на примени предмети во текот на годината: планирани 470, реализирани 260

## 04001 ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 786.577 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиката што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување и врши други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Генералниот секретаријат на Владата во 2009 година, како стручна служба, работеше на унапредување на процесот на стратешко планирање; развивање и унапредување на капацитетите за анализа на политиките и координација; подобрување на стручната и логистичката поддршка при подготвувањето на седниците на Владата на Република Македонија; системското подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната клима; континуирана надградба на информатичката инфраструктура; развојот и управувањето на човечките ресурси, унапредување на внатрешниот систем на информирање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и другите министерства во функција на транспарентното работење на Владата. Во тек се подготовката на насоките за следење и евалуација на стратешките планови во министерствата. Се работи на зајакнување на административните капацитети за стратешко планирање и анализа и координација на политиките во одделните министерства. Во текот на 2009 година Генералниот на Владата на Република Македонија се очекува да го подготви Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за 2010-2012 година и истиот да го усогласи со Буџетот и НПАА, да ја подготви Годишната програма за работа на Владата за 2010 година и да ја достави до Владата, да продолжи со соработката со невладините организации и други правни лица, да продолжи со координирање на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекувањето на странски инвестиции, да продолжи со зајакнување на административните капацитети како и со учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирањето на политиките.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 327

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.137

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на патувања во земјата и странство (денови): планирани 550, реализирани 130

Број на лица кои се вклучени на одржани седници од далечина: планирани 900, реализирани 900

## 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 988.840 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Службата за општи и заеднички работи ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на

Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и другите органи на државната управа.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Во текот на 2009 година се врши доопремување и ставање во функција на Кабинетот и работните простории на Претседателот на Република Македонија во Вила Водно 1 Скопје, поставување на лифтови за хендикепирани лица за објект во Владата на Република Македонија, поставување на видео надзор во вилите во Охрид и Скопје, отпочнување со градба на објектот за Уставен суд, Државен архив на Република Македонија и Археолошкиот музеј во Скопје. Извршени се 57 часа авионски летови за потребите на Претседателот на Владата на Република Македонија и други органи на државната управа.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 318

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.974

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Одржување на хигиена во $м^2$: планирани 1.202.748 $м^2$, реализирани 350.801 $м^2$

Број на дневници во земјата и странство: планирани 200, реализирани 12

Број на налетани часови: планирани 350, реализирани 57

**04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО**

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.642 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен, по барање на Министерството за локална самоуправа, да подготвува стручни мислења по прописите на општините.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009**

Во текот на 2009 година, Секретаријатот за законодавство превидува јакнење на капацитетите на органите на државната управа во процесот на транспонирањето на ЕУ законодавството во законодавството на Република Македонија; успешно спроведени обуки за имплементацијата на прирачникот за номотехнички правила; изработка на над 6.500 стручни мислења по доставените предлози на закони и други прописи и акти. Исто така Секретаријатот за законодавство континуирано ги извршува активностите поврзани со: обезбедување на конзистентност на правниот систем и оценување на усогласеноста на законите, другите прописи и ратификуваните меѓународни договори со Уставот на Република Македонија; усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија; обезбедување на исполнување на обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 24

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 877

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на спроведени обуки: планирани 300, реализирани 110

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 63.708 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство на Република Македонија ги остварува своите надлежности врз основа на Устав, закон и ратификувани меѓународни договори.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, активностите на Државното правобранителство на Република Македонија се во насока на обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, другите органи и правни лица.

За таа цел, Државното правобранителство организира советување со едукативен карактер за разрешување на определени правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Државното правобранителство.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 96
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 608

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на предмети по кои се постапува во текот на годината: планирани 187.676, реализирани 53.748

## 04007 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 18.982 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за развој и инвестиции е основана како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице. Агенцијата за развој и инвестиции врши активности поврзани со реализацијата на програмата за развој и инвестиции, активности поврзани со договорите за трансфер на капитал, размена на информации за можности за инвестирање, создавање на услови за реализација на нови инвестициони проекти, промоции и грижа за спроведување на обезбедените инвестиции во Република Македонија, утврдување на поволности за приватни инвестиции на домашни и странски лица и врши и други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Агенцијата за развој и инвестиции во текот на првите три месеци од 2009 година ги реализира активностите предвидени со програмата за 2009 година и тоа: пратење и ангажирање во наплатата на кредитоорисници од правни и физички лица, при што во наведениот период се целосно наплатени три кредити од правни лица и три од физички лица, сметководствено средување на кредитокорисниците по коминтенти, превземање на правни дејствија за присилна наплата на побарувањата од спорни кредитокорисници, давање на информации од јавен карактер за привлекување на инвеститори, како и извршени контакти со

бизнисмени од соседните земји за интензивирање на развојот на мали и средни препријатија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 18
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 721

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на кредитокорисници од Тајванската кредитна линија: планирани 20, реализирани 6

## 04008 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 58.658 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа. Агенцијата за државни службеници е организирана во четири сектори и десет одделенија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009 ГОДИНА

Во првиот квартал од 2009 година, Агенцијата за државни службеници ги реализира своите активности насочени кон подобрување на законската рамка на државни службеници, изменувања и дополнувања на Законот за државните службеници, изменување и дополнување на релевантни подзаконски акти на Агенцијата, спроведување на Стратегијата за обука на државните службеници во Република Македонија 2009 – 2011, обуки на државните службеници на теми релевантни за нивниот развој, како и спроведување и унапредување на воспоставениот доверлив, ефикасен, конзинстентен, одговорен и автоматизиран систем за селекција и вработување на државни службеници заснован на принципите на стручност и компетентност (merit) и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 51
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.106

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на пријавени кандидати: планирани 50.000, реализирани 24.829

## 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 420.530 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за европски прашања е институција за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење на други стручни работи од оваа област. Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, следење и преземање мерки за имплементација на

Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, управување на процесот на преведување на законодавството на ЕУ и на други материјали во врска со процесот на интеграција на РМ во ЕУ, спроведување на стратегија за комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, воспоставување, управување и одржување на централни бази на податоци за поддршка на процесот на европска интегација и други работи кои произлегуваат од координацијата, поддршката и насочувањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Во изминатиот период усвоена е Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2009 година и доставена до Собрание на РМ, зајакнат е механизамот на следење на Скицата и одредниците за отпочнување на преговори за членство. Комплетирани се обврските од првата фаза и иницирана процедура за отпочнување на втора фаза од имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, изработена е нацрт Одлука за формирање на Работни групи за подготовка на НПАА и на преговарачките позиции за преговорите за членство во ЕУ и предлог Решение. Отпочната е координација и подготовка на придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот на РМ во процесот на евроинтеграција, интензивирана е координација на процесот на визна либерализација, унапреден е систем за информирање на Владата преку редовни месечни тематски седници за ЕУ и редовна претточка на седниците на Влада посветена на прашања поврзани со ЕУ, подготвени од СЕП, подготвен и оперативен систем на кратки пораки (портфолио).

Воедно, потпишани се Финансиската спогодба за ИПА Компонента 1 2008, Финансиската спогодба за ИПА Компонента 2 (Прекугранична соработка со Република Грција) 2007, Финансиската спогодба за ИПА Транснационална програма 2007, како и подготвена и доставена е ИПА Оперативна програма за Компонента 1 за 2009. Обезбедено е продолжување соработката со билатералните донатори и тоа: почнати се процеси на подготовка на нова Стратегија за развојна соработка со Шведска (2009 – 2013) и нова Стратегија за развојна соработка со Австрија (2009 – 2013), подготвена и усвоена е Информација за Проект за мрежно поврзување на државни институции, реализиран е Програмски состанок за Програмата за норвешка билатерална проектна поддршка 2009, како и поднесен е пакет проектни идеи во рамки на МАТРА Програмата (Холандија).

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 51

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.850

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и поткомитетите кои произлегуваат од спогодбата за стабилизација и асоцијација: планирани 7, реализирани 5

Број на испратени државни службеници во Мисија Брисел: планирани 6, реализирани 3

## 04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 255.828 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со измените и дополнувањата на Законот за Влада ("Службен весник на РМ" бр.115/2007) Секторот за спроведување на рамковниот договор кој функционираше при Генералниот Секретаријат на Владата на РМ се трансформира во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор кој започна да функционира од јануари 2008 година. Секретаријатот својата функција ја извршува преку: следење и унапредување на соодветната и правичната застапеност, развивање и унапредување на капацитетите на анализа на политиките и координација, редовно и навремено информирање на јавноста за процесот на спроведување на рамковниот договор.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор по усвојувањето на Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија активно е вклучен во насока на побрзо и поефикасно исполнување и целосна имплементација на Стратегијата во која се предвидени низа мерки и активности, согласно Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО и Акциониот план за промовирање на вредностите на Охридскиот договор. Активностите се насочени кон европското партнерство и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Воедно, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор се фокусира кон реализација на воспоставување на структура за стручна и техничка подршка за реализација на Акциониот план за имплементација на Стратегијата за соодветна и правична застапеност, за да се овозможи побрзо и поефикасно работење и целосно консолидирање на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени:24

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):10.576

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Зголемен број на лица од заедниците во Република Македонија во јавната администрација: планирани 1.000, реализирани 267

## 04012 АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.791 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците е остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година основана е Агенција за остварување на правата на заедниците која е надлежна за спроведување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија како и за вршење надзор над спроведување на законите со кои се уредуваат правата на припадниците на заедниците. Приоритети во наредниот период се: запознавање и обука на вработените со позитивната законска регулатива за остварување на правата на

заедниците и човековите права и организирање меѓународна конференција за состојбите во наведената област.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 5.146

## 04013 АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 3.229 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за управување со одземен имот управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши процена, води евиденција на целокупниот одземен имот, го продава одземениот имот, изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот. Со согласност на судот и надлежниот орган управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.809.077 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност, организира и развива одбранбен систем со кој ќе одговори на потребите за соочување со сегашните и идните закани по мирот и безбедноста на Република Македонија. Основна задача е зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Цел на Министерството за одбрана е приближување кон стандардите на НАТО и зачленување во евроатлантските структури, пред се преку соодветно и оптимално поставување и искористување на ресурсите во министерството и АРМ.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал на 2009 година Министерството за одбрана продолжи со активностите за прием во НАТО алијансата, учеството во мировни мисии предводени од ОН, ЕУ и НАТО, унапредување на постигнатото ниво на одбранбена способност, одржување на борбената способност на декларираните единици за мировни мисии; билатерална и мултилатерална соработка со земјите членки на НАТО и Партнерство за мир; дивестирање на несуштинските дејности, одржување на постојната информатичка опрема и инфраструктура; опремување на декларираните единици за мировни и хуманитарни мисии; реализација на приоритетните партнерски цели зацртани во ГНПЧ во НАТО; како и создавање на услови за обезбедување на основни здравствени услуги.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 8.506
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 710

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на лица на служба во странство како претставници на МО: планирани 28, реализирани 22
Број на набавени видови на материјално технички средства: планирани 13, реализирани 2

Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: планирани 260, реализирани 182
Процент на искористеност на болнички легла: планирано 60, реализирано 60
Број на реализирани проекти: планирани 15, реализирани 2

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 36.337 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации е размена на класифицирани информации со странство, иницирање на склучување на меѓународни договори за размена на класифицирани информации и издавање на безбедносни сертификати на сите лица корисници на класифицирани информации, издавање на дозволи на странски правни и физички лица за користење на класифицирани информации на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал на 2009 година се реализираа следните активности: учество во изготвување и презентација на Партнерските цели за членство во НАТО (ПАРП2008/2009) и Годишната национална програма за членство, како и тековните меѓуинституционални проекти (Национална разузнавачка база на податоци, Меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државните органи и институциите); извршени се обуки за работа со класифицирани информации на персоналот вработен во мисиите на Република Македонија при НАТО и ЕЗ во Брисел; извршена е контрола на условите и обука за безбедноста на КИ во Фондот за осигурување на депозити, Финансика полиција, Управен суд, Управата за јавни приходи; извршена е обука на претставници на Дирекцијата за заштита на тајни податоци на Црна Гора од сите аспекти на безбедност на КИ; извршени се презентации на сертифицирана криптографска опрема за размена на странски класифицирани информации до степен „Строго Доверливо“ од страна на сертифицирани странски компании ( “Thales”, “Netra”, “Rohde & Schwarz”) за државните органи кои се опфатени во ваквата комуникација; согласно препораката на инспекцискиот тим на ЕУ извршена е надоградба на безбедносниот систем во Дирекцијата со дополнителни камери, магнетни читачи, сигурносни брави и алармен систем; во функција е ставен новиот софтвер за евиденција на издадени безбедносни сертификати и дозволи за пристап; во функција е новата телефонска централа со перформанси соодветни на потребите на Дирекцијата; завршена е процедурата за замена на азбестен покрив во еден од објектите на Дирекцијата, извршена е реконструкција на системот за одвод на атмосферски води, изградба на паркинг за потребите на Дирекцијата, опремување на училница за одржување на обуки и помали семинари.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 34
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 931

### АУТПУТ ИНДИКАТОР

Број на разменети класифицирани информации: планирани 2.500, реализирани 1.568
Број на издадени национални НАТО/ЕУ сертификати за работа со класифицирани информации: планирани 5.000, реализирани 709

## 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 325.814 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за заштита и спасување е заштита на граѓаните и природните богатства на Република Македонија, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба, како и на предметите и објектите од особено културно и историско значење, определени со закон како добра од општ интерес на Република Македонија, од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Дирекцијата за заштита и спасување во текот на првите три месеци во 2009 година ги има реализирано следните активности: донесена е Националната стратегија за заштита и спасување, измените на Законот за заштита и спасување, како и Планот за заштита и спасување; ангажирани се силите за заштита и спасување за преземање на мерки за пронаоѓање на удавено лице во река Вардар; извршено е пребарување на локалитетот на Скопскиот, Битолскиот, Кумановскиот и Струмичкиот регион заради заштита од неексплодирани убојни средства; извршено е деминирање со техничко извидување на контаминиран терен и антиперсонални мини, пронаоѓање, транспортирање и уништување на неексплодирани убојни средства; дадена е помош во механизација и луѓе во отстранување на последиците на поплавените места што ја зафатија државата; во процедура е опремувањето на противпожарните единици преку набавка на 10 противпожарни возила за гасење на шумски пожари и 15 навални возила за гасење на пожар; извршена е уплата на аванс за набавка на 3 авиони за гасење на пожар; извршена е обука на 467 припадници од интервентните единици на АРМ кои се ангажираат во услови на поголеми природни непогоди и проверка на пополнетоста на единиците за заштита и спасување со персонал и материјално-технички сретства и опрема; реализирани се повеќе меѓународни активности; и тоа: учество на планирачки состанок во Будва, потпишан е документ за стандарни оперативни процедури помеѓу Македонија и Босна и Херцеговина, во подготовка е потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Република Македонија и Европската заедница за учество на Република Македонија во Механизмот за цивилна заштита на Заедницата и Финансиските инструменти за цивилна заштита.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 264

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 671

**АУТПУТ ИНДИКАТОР**

Број на разнородни видови на материјално-технички средства за опремување на силите за заштита и спасување: планирани 10, реализирани 1

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 166.300 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државна управа по положба и функција на дирекција ги извршува работите во врска со управувањето со кризи што се однесуваат на: обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка; консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствената процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување во кризна состојба и сл.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал од 2009 година, активностите на Центарот за управување со кризи беа насочени кон воспоставување на Национална платформа за намалување на ризици во Република Македонија во духот на Меѓународната стратегија за намалување на ризици од непогоди и катастрофи на Обединетите Нации, (UN–ISDR), воспоставување на Центар за извонредност (Center for excellence) при УКИМ (Универзитетот Кирил и Методиј) како основа за постојана експертска соработка, воспоставување на институционална мрежа и вмрежување на субјектите во системот за управување со кризи во Република Македонија, вмрежување на Центарот за управување со кризи со соодветните центри и институции во регионот и пошироко, изработка на методологии за проценка на ризиците, целосна имплементација на Проектот за документ менаџмент систем (ДМС), продолжување на проектот за имплементација на системот за итни повици Е-112 преку изработката на физибилити студијата, надоградување и оддржување на фукционален и оддржлив систем на национална координација, комуникација, меѓуресорска соработка и постојана размена на информации помеѓу сите субјекти кои извршуваат обврски и задачи во системот за управување со кризи, создавање на база на податоци во ГИС формат и оперативно користење на ГИС, како и примена на системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (ППБИ).

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 275

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 541

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена: планирани 25, реализирани 2

Процент на реализација на Проектот Е112: планирани 60, реализирани 20

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 9.941.280 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; давање на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во рамките на активностите кои ги извршува Министерството за внатрешни работи во изминатиов период континуирано се извршуваат многубројни големи и успешни акции против сите облици на организиран криминал и тоа: недозволена трговија со луѓе, дрога и оружје; јакнење на Јавната безбедност со намалување на стапката на криминалот; зголемување на ефикасноста во спречувањето и откривањето на криминалот, зголемување на личната сигурност и заштита на имотот на граѓаните. Воедно, превземени се активности во областа на државната безбедност со кои се постигна подобрување

на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштитата од шпионажа, заштитата на Уставниот поредок на Република Македонија и нејзината национална безбедност; зголемена е ефикасноста на сообраќајната полиција со подобрување на безбедноста на патиштата. Во тек е реализација на ТЕТРА проектот за телекомуникациско поврзување на полицијата со кој ќе се овозможи комплетно гасење на стариот систем и преоѓање во целост на нов систем, со што ќе се замени постоечката аналогна радио мрежа која е од застарен тип. Притоа, завршена е реализација на приклучувањето на струја на последниве две локации: Луково (Струга) и Шпиље (Дебар), извршена е обука за користење на ТЕТРА системот на вкупно 3.148 полициски службеници на целата територија, која се одвивала на лице место во Полициските станици, во групи од 20-25 вработени. Учествувано е на состаноци во Делегација на Европската Комисија со изведувачот на проектот-конзорциум ИТС Iskratel и Nokia Siemens Network во врска со проблемите и начините за успешно дозавршување на проектот.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 12.188

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 652

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на донесени интерни акти: планирани 50, реализирани 11

Број на прекршоци против јавниот ред и мир: планирани 13.000, реализирани 2.963

Број на успешно завршени обуки на припадници на Министерството за внатрешни работи: планирани 300, реализирани 34

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 544.795 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и со законите. Во рамките на своите програмски цели и задачи и оперативни активности, Министерството за правда учествува во: создавање на нормативни и организациски претпоставки, при што води грижа доследно да се изразат уставните определби, меѓународните и европските стандарди со цел за востановување и организирање независно, непристрасно и ефикасно судство; унапредување на статусот на јавнообвинителската организација, остварување на уставните определби за адвокатурата како самостојна и независна служба, унапредување на вршењето на нотарската дејност и дејноста на судските извршители; градење ефикасен и модерен изборен систем и унапредување на граѓанската иницијатива.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година, во функција на спроведување на стратегијата за реформа во правосудниот систем во Република Македонија, како и имплементација на Уставните амандмани се продолжи со натамошни активности на јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста на судството, со донесување на нови и измена и дополнување на постоечките закони, како и соодветни активности за практична имплементација на сите реформски закони. Од друга страна успешно се спроведени избори за Претседател на Република Македонија како и избори за носители на локалната власт во Република Македонија-градоначалници и советници во Советите на Единиците на Локалната самоуправа.

По однос на изготвувањето и донесувањето на законската регулатива, а во согласност со Реформата на судскиот систем во првиот квартал во 2009

година, Министерството за правда ги достави следните предлог закони во Собраниска процедура: Закон за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права Стразбур, Закон за извршување на одлуки на Европскиот суд за човекови права, Закон за извршување (измени и дополнувања), Измени и дополнувања на Законот за матична евиденција.

Во владина процедура се: Измени и дополнувања за кривична постапка како и измени и дополнувања на Законот за прекршоци, во делот на малолетничка правда.

Од друга страна Закони во работна верзија се: Закон за парнична постапка, Закон за судски совет на Република Македонија, Закон за меѓународна правна помош во кривични предмети, Закон за дејност вештачење, Закон за плати на Јавни обвинители, Закон за плати на совет на Јавни обвинители, Закон за плати на судии, Закон за плати на членови на судски совет, Закон за адвокатура, Закон за судски такси, Закон за државни службеници, Закон за Јавни службеници, Закон за бесплатна правна помош, Закон за спречување на судир на интереси, Закон за здруженија на граѓани и фондации, Закон за финансирање на политички партии, Измени и дополнувања на Закон за кривична постапка и на Кривичниот законик, како и измени и дополнувања на Законот за судови, Законот за медијација и Законот за нотаријат.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 609
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 456

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на изработени закони: планирани 30, реализирани 10
Број на инспекциски надзори:планирани 1.000, реализирани 250

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 717.560 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкции е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршувањето на санкциите, и тоа: изготвување на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување на пропусти и давање на стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно-инструкторски надзор; контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица; давање мислење и согласност по општи акти на установите; одлучување по разни барања на осудени лица; давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено-поправните установи и сл.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во рамките на првиот квартал од 2009 година, Управата за извршување на санкции ги реализира планираните активности насочени кон унапредување на состојбите во казнено-поправните установи, подобрување на сместувачките услови и капацитетите за престој на затворените и осудени лица. Во оваа насока извршено е комплетно реновирање на санитарните чворови и другите пропратни објекти во Затвор Гевгелија; санација на притворскиот дел на Затвор Охрид; адаптација и надградба на објект за проширување на Затвор Куманово, реконструкција на дел од постојните крила во затворското оделение и ходниците на КПД Идризово; санација на санитарните јазли и фекалната канализација; набавени се возила за спровод за потребите на КПД Идризово, Затвор Скопје,

КПД Штип и Затвор Струмица, во тек се активностите поврзани со санација на одделението за стари лица, школото и набавката на пекара во КПД Идризово, како и изградбата на новото притворско крило во Затвор Скопје.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 714
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):683

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на стручно инструкторски надзори во казнено-поправните установи: планирани 22, реализирани 0
Број на проекти за подобрувањена условите во казнено-поправните установи: планирани: 5, реализирани 1

## 07003 УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.324 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Управата за водење на матичните книги е орган надлежен за водење, заштита и чување на матичните книги и списи, издавање изводи, уверенија, преписи и копиии врз основа на матичните книги, водење на постапка за најдено дете, објавување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата.

Матичните книги што се водени до започнувањето на формирањето на Управата за водење на матичните книги, ќе продолжат да се водат во Управата.

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.647.571 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Министерството за надворешни работи ги извршува работите кои што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политикана Република Македонија, а во согласност со Законот за надворешни работи („Сл. Весник на Р. Македонија„ бр.46/2006) и Стратешкиот план за периодот 2009-2011 година.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009
Во изминатиот период, Министерството за надворешни работи продолжи со активностите за економска презентација на Република Македонија во странство со цел привлекување на потенцијални странски инвеститори, постигнување на полноправно членство во НАТО и започнување на преговори за членство во ЕУ, како и имплементација на новиот национален визен режим; во тек е изградбата на амбасадата на РМ во Анкара; Отворен е ГК во Њујорк, а продолжуваат активности за отварање на нови дипломатско-конзуларни претставништва на РМ во Буенос Аирес, Астана, Токио и Осло; во тек е реализација за набавката на нови возила по пат на одложено плаќање (лизинг) за потребите на ДКП-та; отпочната е реализација на Проектот Дипломатска академија; реализирана е првата фаза од активностите за спроведување на дипломатски, конзуларен и советнички испит и истите продолжуваат согласно утврдената динамика; Реализирана е постојана соработка на полето на дипломатска едукација со реномираните дипломатски академии и институти во светот; организирани се семинари за млади дипломати за земјите од регионот; воведен е поефикасен систем за подготовка на вработените во министерството пред нивно упатување на работа во дипломатско-конзуларни претставништва во

странство; се остварува издавање и зголемување на тиражот, како и бројот на страниците на месечниот дипломатски билтен „Crossroads".

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 420
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.782

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени дипломатски и службени пасоши: планирани 1.015, реализирани 300
Број на купени ДКП на Република Македонија во странство: планирани 9, реализирани 1
Број на реализирани проекти со иселеништво: планирани 20, реализирани 4
Број на семинари, курсеви и друг вид на обуки: планирани 16, реализирани 4

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.480.189 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за финансии е надлежно за работите на системот за финансирање, изготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија, трезорскиот систем, управување со јавниот долг, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на девизното работење, системот на банките и другите финансиски институции, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, внатрешната контрола, заемите и кредитите, макроекономската и развојната политика, подготвување и проекција на платниот биланс, управување со капиталот, странска помош и компензационите фондови, осигурување на имот и лица, игрите на среќа, системот на јавните набавки, сопственоста и другите имотно-правни односи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Министерството за финансии во изминатиот период изготви: Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на годишната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/09); Правилник за изменување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданачување ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/09); Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот РДО -ВП ("Службен весник на Република Македонија " бр.24/09).

Остварени се активностите поврзани со реформата „Цела плата" во првиот квартал од 2009 година, со што реформата успешно функционира при исплата на платите на сите вработени во Република Македонија.

Во наредниот период продолжуваат да се остваруваат активности во насока на одржување на стабилна макроекономска политика, подигнување на стапката на економски раст на среден рок преку интензивирање на економските реформи, намалување на стапката на невработеност и во таа насока намалување на сиромаштијата, подобрување на бизнис климата и создавање на услови за побрзо интегрирање во европските интеграциони процеси.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 606
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.125

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на аукции на државни хартии од вредност: планирани 49, реализирани 20

Планирани кредитни средства во земјоделството (во илјади денари): планирани 713.400, реализирани 121.300
Број на одржани обуки за јавни набавки: планирани 7, реализирани 15

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.126.025 илјади денари**

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел за 2009 година опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основа на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игрите на среќа и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; трансферирање на средства до Агенцијата за државни патишта; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ), како и финансирање на одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на годината. Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се и средства за финанисрање на непредвидените расходи во текот на фискалната година. Основни цели се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на Република Македонија, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат; навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.283.777 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Функциите утврдени со закон ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во Царинската управа на Република Македонија во текот на 2009 година, сите активности се ориентирани кон постигнување на конкретни резултати во борбата за сузбивање на корупцијата во Царинската управа, спречување на нелегалната трговија, заштита на правата од интелектуална сопственост и на животната средина, хармонизација на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ, зајакнување на граничните контроли, унапредување на ИТ системите. Во овој период продолжува имплементацијата на новата царинска регулатива фокусирана кон анализа на ризик и царински контроли и надзор на иматели на одобренија со економски ефект.

Во првата половина од 2009 година се започнати следниве активности: проект за замена на компјутерскиот систем на Царинската управа, започната е употребата на безбедни царински пломби, извршена е набавка на СДХ мрежа со

западен прстен (хардвер) за подршка на новиот компјутерски систем, како и инвестициони проекти за граничните премини.

Во рамките на ИПА програмата во наредниот период се очекува започнување на следните проекти: поддршка во управувањето за воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НЦТС) и подршка на имплементацијата на интегрирано тарифно опкружување со три под-проекти.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 1.131
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 713

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Наплатени царински давачки (во илјади денари): планирани 60.000, реализирани 11.177

## 09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.798.001 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за стоковни резерви управува со користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Носител е на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија, се грижи за пополнетоста и за користењето на стоковните резерви согласно законот. Агенцијата за стоковни резерви е орган во состав на Министерството за финансии и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за стоковните резерви.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Согласно законски утврдените надлежности во однос на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви, Агенцијата за стоковни резерви во изминатиот период изврши замена на дизел гориво Д-IV во дизел гориво Д-V со вкупна количина од 32.905.689 литри.

Замената на нафтените деривати се врши заради усогласување на квалитетот на нафтените деривати во стоковните резерви согласно со Правилникот за квалитетот на течните горива (Сл. Весник на Република Македонија бр.88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08 и 78/08).

Упешно се спроведени тендерите за: осигурување на имотот и стоковните резерви, за контролна куќа и тендер за превоз на стоки од стоковните резерви.

Во наредниот период се планира објавување на меѓународен тендер за набавка на јачмен за сточна храна и меркантилна пченица.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 23
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 2.568

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Износ на тендри за прехрамбени стоки (во илјади денари): планирани 205.000, реализирани 0

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.610.128 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во изминатиот период, Управата за јавни приходи покрај редовните активности во утврдувањето и наплатата на даноците, за прв пат започна и со активностите во врска со утврдувањето и наплатата на социјалните придонеси од плата. И покрај сите почетни потешкотии во обавувањето на новата функција, во досегашниот период, Управата може да се истакне со успешноста во реализацијата на доделената задача со надминување на наплатата на социјалните придонеси над планираните.

Останува определбата за натамошно осовременување и екипирање на Управата за јавни приходи, во функција на олеснување и едукација на обврзниците на даноците и придонесите, а се со цел исполнување на плановите во наплатата на истите.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 1.244

Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 543

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Наплата на јавни приходи заради финансирање на јавните расходи во (илјади денари): планирани 400.000, реализирани 24.842

## 09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 36.126 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е специјализиран државен орган во Република Македонија со овластувања согласно Законот за кривична постапка кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Управата за финансиска полиција е со својство на посебно правно лице и е надлежна за спроведување финансиска контрола, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на применета на даночните, царинските и други прописи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Управата за финасиска полиција во изминатиот период до Основните јавни обвинителства во Скопје, Тетово, Гостивар и Куманово поденсе 39 кривични пријави против 97 физички лица и едно правно лице поради сторени 69 кривични дела и тоа „Даночно затајување„член 279 од КЗ, „Злоупотреба на службена положба, член 353 од КЗ, „Фалсификување или уништување на деловни книги„чл.280 од КЗ и „Измама„ член 247 од КЗ.

Со овие кривични дела пријавените лица се стекнале со противправна имотна корист во вкупен износ од 261.553.137,00 денари, при што со затајување на данок, по основ на ДДВ, Персонален данок и данок на добивка оштетен е Буџетот на Република Македонија за износ од 78.071.623,00 денари, а со злоупотреба на службена положба и измама оштетен е Буџетот на Република Македонија во износ од 183.481.514,00 денари.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени:26
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.274

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
*Број на извршени контроли: планирани 70, реализирани 123*

## 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.453.182 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија опфаќа активности за создавање на услови за развој на индустријата базарана на иновации и знаење, регулација на внатрешниот пазар, развој на енергетскиот сектор, унапредување на деловната клима и поттикнување на домашните и странски инвестиции, зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, создавање на услови за поттикнувачка деловна и инвестициона клима за раст на деловните активности и инвестициите, развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија, искористувањето на природните минерални ресурси, зголемување и промоција на извозот, развој на јавно-приватното партнерство и развој на туризмот.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година донесени се: Програма за развој на туризмот, Програма за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, Програма за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги, Програма за основни геолошки истражувања за 2009 година, Програма за детални геолошки истражувања и Програма за заштита на потрошувачите за период 2009-2010 година, Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија, Програма за ревитализација на текстилната индустрија кои претставуваат основа за регионално поврзување и вмрежување со кластерските асоцијации во регионот и ЕУ. Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија. Во процедура за донесување се: Закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и други видови на ЈПП и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија, а во соработка со СИГМА во подготовка е нов текст на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Во делот на туризмот, изработена е WEB страна за туризмот, учествувано е на повеќе туристички саемски настапи во Љубљана, Утрехт, Охрид, Белград, Берлин, Гетеборг, реализирана е соработка со англиски туроператори и потпишана е билатерална соработка со Црна Гора. Продолжуваат активностите за реализација на саемски настапи во Приштина, Сараево, Киев и Лондон, соработка со странски тур оператори од Кина Германија, Австрија, Холандија, Јапонија и Америка и во тек е изработка на монографија за градовите во Република Македонија.

Во делот на работата на Државниот пазарен инспекторат поднесени се барања за поведување на 2081 прекршочна постапка, доставени се 244 решенија (за физички лица 139 и 105 за правни лица) во вкупен износ од 165.515 Евра за извршување до Државно правобранителство на Република Македонија, наплатени се глоби по решенија на прекршочните комисии во износ од 15.000 Евра.

Во делот на економската промоција реализирани се меѓународните саеми за вино во Дизелдорф – СР Германија, за земјоделско прехранбени производи во Нови Сад и одржана е работилница „Стандарди за квалитет, нови технологии и трендови, можности и потенцијали за извоз за дрвната индустрија и индустријата за производство на мебел. Продолжува активноста за презентирање на одделни индустриски гранки на заеднички национален штанд

на одредени саемски манифестации во странство, како и надоместување на дел од трошоците на: деловните субјекти за сертификација на систем за квалитет (ISO, HASAP, SA 8000), за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ пуштен во промет.

Во делот на искористувањето на природните ресурси во тек е реализацијата на проектите: за дополнителни геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Неготино"-Неготино; анализа на геолошката документација, согледување на условите за изнаоѓање на нафта и изработка на проект за геолошки истражувања на нафта и гас на територијата на Република Македонија.

Во делот на развој на енергетиката продолжуваат активностите за либерализација на домашниот пазар на електрична енергија и природен гас, привлекување на странски инвестиции во изградбата на нови енергетски објекти (мали и големи хидроелектрични централи, гасни електрани, топлани, термоелектрани) мерки за поголема енергетска ефикасност и поголемо искористување на обновливите извори на енергија, изготвени се хидролошки подлоги за околу 100 МХЕ (мерење на протоци на водотеци, теренски испитувања и анализи) од страна на Управата за хидрометролошки работи, донесен е Правилник за начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија, како и содржината, формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија и Уредба за критериумите и условите за прогласување на електроенергетска кризна состојба, начинот на снабдување со електрична енергија во овие услови , како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност. Продолжуваат активностите Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија, активностите за донесување и на други подзаконски акти кои се во правец на усогласување со европското законодавство од областа на пазарот на енергија, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Продолжуваат активностите за промовирање на употребата на македонските национални стандарди, претставување на интересите на македонските национални стандарди во меѓународните и европските организации за стандардизација и спроведување на постапка за нотифицирање во областа на стандардите, техничките прописи и процедури за оцена на сообразноста, согласно со Договорот за техничките бариери во трговијата на Светската трговска организација.

Во рамките на активностите на Бирото за метрологија во текот на 2009 година, досега се реализирани се жигосување на предмети од скапоцени метали, на предмети од злато 1.196, сребро 2.237, хемиски анализи 4, издадени се решенија за знак на производител 12, издадени се 1.085 потврди за поединечна хомологација, 151 одобренија за типска хомологација, донесен е Правилник за условите за остварување, чување и одржување на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони, а во тек е изработката на МИ Директива за мерни инструменти.

Во рамките на активностите за склучување на договори за економска соработка со земјите членки на ЦЕФТА, подготвени се текстови за Договори за економска соработка со Србија и Косово. Продолжуваат активностите за ратификација на Договорот за слободна трговија со ЕФТА државите и подготвителните активности за одржување на Годишна конференција за поттикнување на извозот, која ке се реализира во месец Јуни 2009 год.

Продолжуваат активностите за реализацијата на Договорот од ГЕФ (Глобален еколошки фонд), обуки за полагање на испит на овластен стечаен управник, имплементацијата на ЦЕФТА, натамошна лебарализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи во рамките на ЦЕФТА 2006, усогласување со законодавството на ЕУ, усогласување на склучените договори за еконмска-трговска соработка помеѓу Република Македонија и членките на ЕУ;

отпочнување на преговори за склучување на Договори за слободна трговија со медитеранските земји.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 495
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 1.309

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на извршени инспекциски надзори: планирани 35.500, реализирани 11.651
Број на доставени геолошки извештаи за извршени геолошки истражувања-геолошки карти: планирани 15, реализирани 2
Број на субвенционирани домаќинства кои ќе инсталираат соларни загревачи на вода: планирани 500, реализрани 0
Број на издадени ваучери: планирани 60, реализирани 10
Број на усвоени стандарди: планирани 2.200, реализирани 171

## 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 224.889 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за странски инвестиции е самостоен орган чија основна цел е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции со кои се поттикнува економскиот развој на Република Македонија преку професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, во електронски и печатени медиуми, промовирање на регионите на Република Македонија, поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, обезбедување услуги на инвеститорите и други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Агенцијата за странски инвестиции во текот на 2009 година ги реализираше активностите поврзани со Програмата за промоција и развој на инвестиции за 2009 година во насока на зајакнување на процесот на економска промоција преку ангажман на дваесет и еден економски промотор во деветнаесет земји во светот со подигнување на свеста на странците за инвестиционите погодности кои Република Македонија ги нуди и координација на странска помош од аспект на доусовршување на методите на услужување на странските инвеститори и зајакнување на клучните маркетинг пораки. Во изминатиот период започна емитувањето на телевизиски спот за инвестиционите потенцијали на Република Македонија во светски реномирани и најгледани телевизиски канали, како и национални телевизии во земјите каде се алоцирани економските промотори. Се ажурираат анализите за индустриските сектори на автомобилската индустрија, агро бизнисот, информатичката технологија, софтвер и фармација и медицински помагала, и изработка на нов дизајн и нови промотивни материјали.

Продолжуваат активностите за прецизирање на договорите за инвестирање со компаниите со кои е потпишан меморандум за разбирање во последното тромесечие на 2008 година и првото тромесечие на 2009 година, активностите за придружување на инвеститорите при теренски посети на домашни компании, расположливи фабрички и останати капацитети во земјата, како и организација на средби со релевантни владини претставници, како и подобрување на after care третманот на компаниите кои веќе инвестирале во нашата земја, вклучувајќи поддршка при административните процедури при имплементација на законската регулатива од областа на работните односи за

странци, даночни и царински олеснувања и останати инвестициони поволности, потребни за успешна реализација и одржување на инвестиционите проекти.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 45
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):2.932

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 47.368 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државната управа, надлежен за спроведување постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост, промовирање на заштитата на индустриската сопственост и вршење на други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Од 01 јануари 2009 година Република Македонија официјално стана 35-та членка на Европската патентна организација со седиште во Минхен. Во текот на 2009 година зголемена е ефикасноста во спроведување на административна постапка во заштита на правата од индустриска сопственост, подготвени се правилници за спроведување на новиот закон, поднесена е инцијатива за измени на Законот за административните такси во доменот на заштитата на правата од патенти, утврден е ситем за контрола на уплата на таксите кои произлегуваат од пристапувањето во Европската патентна организација и изработена е работна верзија на Националната стратегија за интелектуална сопственост.

Продолжуваат активностите за донесување на Национална стратегија за интелектуална сопственост, координирање на активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост, како и реализирање на активностите, согласно НПАА. Отпочната е постапка за ратификација на Договорот за правото на патент (ПЛТ), Договорот за правото на трговска марка (ТЛТ) и Виенскиот договор за меѓународна класификација на фигуративни елементи на трговски марки. Во тек е потпишување на Протокол за соработка на Државниот завод со Заводите за патенти на Република Бугарија и Република Србија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 36
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 7.857

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост: планирани 7.400, реализирани 3.750

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 625.675 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина; заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување; заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области; реставрацијата на загадените делови од животната

средина; предлагањето мерки за третман на цврст отпад; просторното планирање; просторниот информативен систем; надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на законските надлежности, а согласно поставените цели и приоритети за 2009 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за води, донесена е Стратегија за инвестиции во животната средина, изготвен е Национален план за управување со отпад, донесена е Наредба за забрана за ставање во употреба на кеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси и слично.

Организирани се кампањи за Законот за управување со пакување и отпад од пакувањето, спроведени се кординаторски активности на терените во рамки на проектот "Засади ја својата иднина", во тек е подготовка на настан по повод 22 Април – Ден на Планетата земја. Со цел подобрување на јавната чистота во општините, министерството спроведе јавна набавка на 5.000 контејнери и 20.000 канти.

Во процес на реализација е изградбата на колекторски системи ЛОТ 1 во Берово, изградба на водоводна мрежа во н.м. Пирок, н.м Порој, н.м. Калиманци, н.м. Врапчиште. Во фаза на склучување е договор за изградба на довод на вода од разделно–приклучна шахта до филтерница-резервоар и од филтерница-резервоар до разделно-приклучна шахта, со изведба на фекална канализација по истите делници во с. Здуње. Рализиран е договорот за истражни геофизички работи за геотермални води Кочани, отпечатени три книги од областа на екологијата, а во фаза на реализација се останатите седум книги.

Поставени се две мониторинг станици во околината на Окта, во тек е набавка на уште една мониторинг станица за воздух, спроведена е постапка за Изработка на пиезометарска мрежа за земање на примероци за хемиска анализа на почва и подземни води од локалитети околу рафинеријата за нафта "ОКТА"-Скопје.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 157
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.126

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на денови на вработените поминати на обуки: планирани 50, реализирани 8
Број на инвестициони проекти: планирани 48, реализирани 10
Број на просторни планови: планирани 5, реализирани 1
Број на прекршочни норми за максимални дозволени концентрации: планирани 400, реализирани 33

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.459.600 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министертвото за транспорт и врски извршува активности со кои се уредуваат односите во сферата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година Министерството за транспорт и врски во делот на нормативната сфера ги има изработено измените на Законот за ЈП МРД и Законот за јавни патишта, а во фаза на изработка се Законот за легализација на

бесправно изградени објекти, Законот за градење, Законот за превоз во патниот сообраќај, измените на Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и измените на Законот за електронски комуникации.

Министерството за транспорт и врски во текот на 2009 година продолжи со активностите за санација на активните свлечишта Ѓермо, Ракотинци, Рамина и Поројска река, континуирано тече реализацијата на проектите за водоснабдување на Тетово, Свети Николе, Прилеп и изградба на водоводи и канализации во останатите населени места во РМ согласно Програмата за распределба на средства за изградба на водоснабдителни и каналзациони системи во Република Македонија за 2009 година. Исто така во фаза е изградбата на армирано бетонски мост во општина Ранковце и Северната Трибина на Градскиот стадион во Скопје. Распишани се тендерите за изработка на проект за гасоводен систем во РМ, за набавка на автобуси за јавен градски превоз во Скопје, за изработка на студија за сообраќаен систем на град Скопје, за избор на идејно решение "Градска Куќа" во Скопје, за изградба на Жичара од Средно Водно до врвот на Водно, за изградба на Источна и Западна Трибина на Градскиот стадион и за изградба на социјалните станови.

Министерството за транспорт и врски успешно ги распредели ЦЕМТ дозволите на транспортните фирми, ја донесе програмата за изработка на урбанистички планови во населените места во РМ и ги распредели средствата за реализација на проектот Каскадни прегради на река Вардар, продолжи со планираното одржување на железничките пруги во Република Македонија, санација и продлабочување на пристаништето во Охрид, како и со изработка на повеќе закони и подзаконски акти од сферата на урбанизмот и градежништвото и сообраќајот и врските.

Во наредниот период акивностите на Министерството за транспорт и врски ќе бидат насочени кон целосна реализација на наведените започнати проекти.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 208

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.275

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на објавени тендери за продажба на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија: планирани 85, реализирани 2

Број на распределени ЦЕМТ дозволи: планирани 950, реализирани 849

Број на проекти за изградба на водоводи и фекални канализации во РМ: планирани 45, реализирани 36

## 13002 АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 927.118 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата е самостоен правен субјект, надлежен за работи поврзани со воздушниот сообраќај и ги извршува задачите во врска со безбедноста на воздушната пловидба. Агенцијата го контролира воздушниот простор над Република Македонија, безбедноста на воздухопловите и издавањето на лиценците и валидација на дозволите на воздухопловниот персонал.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2009 година планира да оствари зголемен обем на сообраќај како резултат на зголеменото ниво на воздушни патишта во Републиката и во регионот, да го реализира планот на давање на услуги за слетување и да пристапи кон поделба на регулатор и провајдер согласно Законот за воздухопловство.

Во наредниот период акивностите на Агенцијата се насочени кон: сервисирање на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија и давање на услуги за слетување со цел подобрување на безбедноста на воздушниот простор и авиосообраќајот; одржување на вкупните системи (земски радионавигациски системи, информатички системи, радарска техника, комуникациски и метеоролошки системи, енергетски системи, мототехнички системи и техничко одржување); имплементирање на законските регулативи од Европската комисија; имплементација на современи воздухопловни капацитети во управувањето со воздушниот сообраќај; финализирање на процесот на раздвојување на регулаторот од провајдерот; усвојување и примена на политиката за заштита на околината и заземање значајна улога во процесот на регионалната соработка.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 326
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.283

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Издадени дозволи за редовен и нередовен авионски сообраќај: планирани 330, реализирани 98
Остварени летови: планирани 137.300, реализирани 20.097
Издадени билтени за генерална, комерцијална, воена авијација и за прелети: планирани 93.500, реализирани 21.270
Одржување на CNS (Communication, Navigation and Survaliance) уреди: планирани 230, реализирани 95
Извршени безбедносни (security) инспекции: планирани 15, реализирани 7

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.698.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која донесува и спроведува политики од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и руралниот развој и сродните области како безбедност на храна, ветеринарна и фитоснитарна заштита и врши следење и проценка на ефектите од спроведувањето на полититките во областите од негова надлежност. Министерството превзема мерки и извршува активности поврзани со: користење на природните ресурси: земјоделско земјиште, шуми, пасишта и води на еколошки одржлив начин; зголемување на ефикасноста на полјоделското и сточарското земјоделско производство, преработка и маркетинг; обезбедување одржлив развој на руралните средини; унапредување на ловството и риболовот; обезбедување заштита на здравјето на растенијата и животните; мониторинг и инспекциски надзор во областите од надлежност на министерството, како и други активности пропишани со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во изминатиот период донесени се: Програма за финансиска поддршка на земјоделството за 2009 година која ги интегрира мерките за поддршка во сточарството, растителното производство, рибарството, и органското производство, Програмата за здравје на растенијата, Програма за здравствена заштита на животните и програма за ветеринарно јавно здравство, Програмата за проширена репродукција на шумите за 2009 година и Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година со дополнителни измени со цел вклучување на нови мерки и олеснување на имплементација на истата со вклучување на забелешките од Агенцијата за финансиска поддршка за

земјоделство и рурален развој. Со цел создавање на услови за користење на претпристапните фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) и имплементација на ИПАРД Програмата, подготвен е финалниот пакет за акредитација на Телото за управување со ИПАРД фондови во МЗШВ кој во февруари 2009 доби национална акредитација, и после вклучување на забелешките од советодавната мисија на ЕК во март е доставен на разгледување на Комисијата на ЕУ.

Во изминатиот период се реализирани обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки (ССА) преку организација на 5-от Поткомитетот за земјоделство и рибарство, и подготвена е Националната програма за прилагодување кон ЕУ за 2009 година во делот на поглавјата 11, 12 и 13. Во јануари 2009, во Брисел одржана е прва рунда на консултации согласно Член 10, став 3 од ЦЕФТА Договорот за понатамошна либерализација во трговијата со земјоделско-прехранбени производи меѓу потписничките на ЦЕФТА 2006, додека во април 2009, во Подгорица - Црна Гора одржана е втора рунда на Консултации согласно Член 10, став 3 од ЦЕФТА Договорот за понатамошна либерализација во трговијата со земјоделско-прехранбени производи меѓу потписничките на ЦЕФТА 2006. На 8-ми и 9-ти Април во Подгорица - Црна Гора, одржан е Поткомитет за земјоделство и санитарни и фитосанитарни прашања на Потписничките на ЦЕФТА 2006.

Реализирана и финансиски е поддржана граѓанската акцијата „Ден на дрвото" при што се засадени околу шест милиони садници. Во овој период се склучени договорите за пошумување на 500 ха голи ерозивни земјишта и за нега на околу 500 хекатри шумски култури.

Во делот на земјишната политика остварени се активности за средување на евиденцијата на државно земјоделско земјиште, проверка на терен на слободно земјоделско земјиште и подготовка на нови огласи, и интензивирано воведување во владение на веќе реализираните огласи. Истовремено во состав на ВММС проектот се продолжи со евиденција на земјоделско земјиште под винови насади во катастарот на винови насади.

За периодот јануари – март 2009 година во делот на водостопанството завршена е реконструкција на сифон Макарија во ХМС Тиквеш, преведени се две транши од работниот капитал на водостопанствата во Струмица, Радовиш, Кумканово, Прилеп и Скопје од средствата за таа намена предвидени со АСАП проектот на Светска банка, со подршка на АСАП проектот во регионите на Струмица, Радовиш, Куманово, Скопје и Прилеп во постапка на регистрација се вкупно 24 водни заедници, во тек се активности за усогласување со јавното претпријатие за стамбен и деловен простор во Струмица и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со работите за санација на преливот на брана Турија, во тек е огласот за јавни набавки за чистење на каналите за одводнување и речните корита за 16 општини.

Активностите на Фитосанитарната Управа беа фокусирани на редовни фитосанитарни контроли на гранични премини на пратки од растенија и растителни производи од увоз, реекспорт и транзит и на царински терминали односно на местата на отпремување на пратките наменети за извоз.

Државниот инспекторат во текот на овој период изврши многу контроли, состави записници и донесе решенија за отстранување на недостатоците и запирање на незаконското работење и поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови.

Во насока на поефикасна ерадикација и контрола на бруцелозата се изврши вакцинација на возрасна популација на овци. Во овој период превземени се низа активности во насока на воспоставување на Интегриран систем за здравствена заштита на животните преку измени и дополнување на Закон за идентификација и регистрација на животни за вклучување на одбележувањето на свињите, како и направен е дизјнот на ИТ системот за следливост и контрола на пратките ки се предмет на меѓународна трговија. До март 2009 година е завршен

пописот на одгледувалишта на овци и кози и нивно индивидуално обележување и регистрација.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 626
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 884

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени законски и подзаконски акти согласно НПАА: планирани 40, реализирани 5
Број на потпишани договори со правни лица за реализација на активностите за пошумување и заштита на шуми: планирани 6, реализирани 4
Број на донесени програми за поддршка на земјоделството: планирани 5, реализирани 2
Процент на испитани говеда за бруцелоза и туберкулоза од вкупниот број на говеда кои се целна група за испитување: планирани 90%, реализирани 82%
Број на извршени лабораториски фитопатолошки, квалитативни и хемиски анализи за следење на растителни штетни организми: планирани 430, реализирани 140
Должина на реконструирани, изградени и исчистени канали за наводнување и одводнување: планирани 120 км, реализирани 40 км

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 68.796 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството- Битола е одговорна за давање на стручна помош на индивидуалните земјоделски производители, со цел зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искористување на расположливите ресурси, преку примена на соодветни мерки во процесот на земјоделското производство и практична имплементација на научните и техничките сознанија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ќе реализира активности според планираниот обем и динамика на Годишната програма за работа. Агенцијата изврши групирање на активностите според Програмските определби, активира 30 дисперзирани канцеларии во руралните средини со што се овозможи поефикасен пристап на советниците на терен кај индивидуалните земјоделски производители. Во првиот квартал Агенцијата изврши активности за развој на техничко економски советодавни услуги на индивидуалните земјоделски производи на индивидуалните земјоделски производи и нивна реализација на терен, поддржана е реализацијата на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството, поставени се поледелските опити, реализирана е акција за поддршка на руралните средини, континуитет на имплементација на Системот на мониторинг на фарма-ФАДН.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 139
Оперативи расходи по вработен (во илјади денари): 495

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на Агенцијата: планирани 20, реализирани 15
Број земјоделци кои добиваат совети: планирани 4.000, реализирани 4000
Број на фарми за кои се изготвени извештаи во рамки на ФАДН: планирани 450, реализирани 450

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 126.463 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во делокруг на надлежности на Управата за хидрометеоролошки работи е вршење на хидролошките и метеоролошките работи кои ги опфаќаат активностите поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува и го координира извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на првата половина на 2009 година Управата за хидрометеоролошки работи изготви хидролошки подлоги за потребите на проектот за изградба на мали хидроцентрали во Република Македонија, учествувано е во изготвување на проекти од областа на хидрологијата, метеорологијата и заштитата на животната средина, постигнат е висок процент на остварени најави за опасни временски непогоди, завршени се подготовките за отпочнување на работата на екипите на терен за спроведување на престојната противградна одбрана април-октомври 2009 година.

Како приоритети за 2009 година се осовременување на мрежата на метеоролошки и хидролошки станици и радарски центри, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата. Исто така се предвидува продолжување со активностите насочени кон интензивирање и подобрување на меѓународната соработка во областа на хидрометеоролошката дејност.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 202
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 578

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на спроведени процедури за јавни набавки: планирани 70, реализирани 24
Број на спроведени теренски активности за прибирање на хидролошки податоци: планирани 12, реализирани 3
Број на извештаи од метеоролошки, климатолошки, дождомерни и фенолошки станици: планирани 12, реализирани 3
Број на изготвени временски прогнози за наредни три дена: планирани 365 реализирани 120

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.432.485 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за поддршка и развој на земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата согласно Законот за основање на Агенцијата се авторизација на плаќањата, извршување на плаќањата од областа на земјоделството и руралниот развој.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Започна реализацијата на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година и заклучно со првата половина од месец април оваа година беа реализирани 1.278.000.000,00 денари (субвенции за тутунско производство, подигнати овошни насади, обележани грла говеда, произведено и продадено млеко и житни култури) или 1/3 од вкупно предвидената сума со оваа Програма. Воедно, беа започнати и подготвителни активности за реализација на Програмата за рурален развој за 2009 година.

Покрај тоа, отпочната е постапката за акредитација на Агенцијата за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД). Во таа насока, Агенцијата беше акредитирана од страна на Националниот координатор за акредитација, а во март 2009 година официјално беа доставени акредитациските документи до Европската комисија со што беше започната постапката за акредитирање на Агенцијата од страна на Европската комисија.

До крајот на 2009 година се планира целосно да се реализираат Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2009 година, а воедно се планира Агенцијата да добие акредитација од страна на Европската комисија и да се објави јавен повик за доделување на средства од ИПАРД програмата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 64

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.035

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.100.616 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за труд и социјална политика е буџетска институција надлежна за развивање, контрола и спроведување на политиките во областа на работните односи и вработувањето, пензиско и инвалидско осигурување, спроведување и унапредување на системот на социјална заштита и детска заштита и води грижа за благосостојбата на семејството, ранливите групи на популацијата, децата и возрасните засегнати од социјален ризик.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период продолжи операционализацијата на планираните активности, мерки и програми од Националната стратегија за вработување до 2010 година и имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и во 2009 година. Се врши редовна исплата на корисниците согласно закон за обезбедување на материјална и социјална сигурност на лицата со над 25 години

стаж на осигурување кои не примиле испратнина поголема од 12 месечни плати, а на кои работниот однос им престанал во периодот од 2000 до 2004 година по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок во фирмите со доминантна сопственост на државата. Во тек е реализацијата на КАРДС Проектот- Поддршка за политиката за вработување 3 фаза, отпочна имплементацијата на ТВИНИНГ Проектот во рамките на кој ќе се дадат препораки и ќе се изврши усогласување на законодавството од областа на трудот со законодавството во ЕУ. Се спроведува Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија со кој се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор, условите и начинот на остварување на правата од работен однос, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Во областа на пензиско инвалидското осигурување од 01.01.2009 година се спроведува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување во делот на прилагодување на концептот на бруто плати. Во април 2009 година донесен е Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со кој се регулира улогата на НБРМ за чувар на имотот и зголемување на лимитот за инвестирање на средства во странство.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени:331

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 755

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на спроведени тендери: планирани 54, реализирани 14

Број на законски и подзаконски акти од областа на работни односи и пензиско осигурување: планирани 10, реализирани 2

Број на законски и подзаконски акти од областа на социјална заштита: планирани 6, реализирани 1

Број на извршени контроли во детски градинки: планирани 20, реализирани 3

Број на корисници на боречка и воена инвалиднина: планирани 6.343, реализирани 5.850

Број на извршени инспекции на деловни субјекти: планирани 30.000, реализирани 7300

Број на спроведени обуки согласно Акциониот план за родова рамноправност: планирани 21, реализирани 6

## 15010 ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.292.904 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста згрижување и воспитание на децата претставува организирана дејност од јавен интерес, која се спроведува во јавните установи за деца и детските одморалишта согласно со Програмата за развој на дејноста и утврдените стандарди и цени на услугите.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Дејноста згрижување и воспитание на децата како организирана дејност од јавен интерес се остварува во рамките на годишната Програма за развој и остварување на заштитата на децата во 2009 година и воглавно е насочена кон: редовно обезбедување на средства за функционирање на јавните установи за деца-детски градинки, воспоставување на стручен надзор врз исхраната на децата, хигиената и дезинфекцијата, како и плурализација во дејноста преку заживување на приватниот сектор. Во тек е довршување на градбата на Детска градинка во Општината Ѓорче Петров со капацитет за 150 деца.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 236
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 465

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на деца згрижени во детски градинки: планирани 22.357, реализирани 21.155

## 15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.811.761 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста на социјална заштита претставува организирана дејност на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени одредени групи на населението. Оваа дејност се остварува преку преземање на мерки и активности за остварување на социјалната превенција, вонинституционалната и институционалната социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Дејноста социјална заштита како организирана дејност на државата е насочена кон превземање на мерки и активности за остварување на социјална превенција, вонинституционална и институционална социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита. При тоа во одделните дејности постигнати се следниве резултати:

Во делот на вонинституционалната социјална заштита реализирани се сместувања на жртви на семејно насилство, бездомници, деца на улица и деца со интелектуална попреченост. Во изминатиот период отворени се два нови дневни центри за деца на улица (во Кисела Вода и во Автокоманда), а до крајот на годината се планира да се отворат уште 3 нови дневни центри за деца на улица во Битола, Прилеп и Охрид. Во тек се подготвителните активости за отварање на Дневен центар за корисници на дрога во Автокоманда и два нови Дневни центри за деца со интелектуална попреченост во Чаир и Струмица. Се реализираа активности за отварање на народни кујни за лицата со социјални проблеми, од постојните 34 народни кујни до крајот на 2009 година се планира отворање на народни кујни и во други градови низ Републиката.

Во делот на институционалната социјална заштита во рамките на расположивите средства реализирани се активности за подобрување на згрижувачките услови и организирање на нови форми на заштита на корисниците. Во Демир Капија и Неготино на почеток на 2009 година отворени се 2 стамбени единици за корисници кои претходно беа сместени во Демир Капија, а во текот на годината ќе се продолжи со отварање на нови стамбени единици. Истовремено редовно и навремено се исплатуваа социјални надоместоци и тоа парична социјална помош (на 62.000 домаќинства), постојана парична помош (на 5.300 семејства), еднократна парична помош (на 1.500 лица), редовна исплата на детскиот додаток; финансирање на правата на борците и воените инвалиди; финансирање на прифатниот центар за баратели на азил и обезбедување на социјална парична помош и здравствено осигурување на лицата со признат статус на бегалци-азиланти; сместување и исхрана на внатрешно раселените лица во колективните центри и парична помош за лицата кои се дерегистрирани и вратени во местото на живеење; обезбедување на средства за редовно покривање на дефицитот на Фондот за ПИОМ и Агенцијата за вработување и кадровско екипирање на информативните центри за ромската етничка заедница.

Согласно имплементацијата на НАП за „Декадата на вклучување на Ромите„ и Стратегијата за Ромите во Република Македонија имплементирани се проектите: Инклузија на ромски деца во предучилишно образование, Ромски

информативни центри (досега се отворени 8, а во јуни ќе се отворат уште 5) и Пилот проект за вработување на Ромите преку обуки.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 955
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 678

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на лица сместени во дневни центри: планирани 1.070, реализирани 750
Број на лица сместени во социјални установи: планирани 700, реализирани 752
Број на корисници на разни права по основ на социјални надоместоци: планирани 95.000, реализирани 86.486

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 20.210.646 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени, образованието на возрасните, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката, воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство, верификација на струките и профилите во образованието, ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој информатиката и техничката култура, информацискиот систем, меѓународната научно техничка соработка, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Во текот на годината реализирани се бројни активности кои допринесуваат за исполнување на основните критериуми за поквалитетно образование во Република Македонија и нивно имплементирање во целост со цел исполнување на европските критериуми за поефикасен образовен систем во државата.

Активностите на Министерството за образование и наука се насочени кон натамошна децентрализација на образованието, воведување на ефикасен систем за следење на користењето на наменската и блок дотација за образование во општините како и натамошно спроведување на модернизација на образовниот процес. Постигнување на целосен опфат на генерацијата од 6-14 години, подобрување на квалитетот на образовниот процес преку стандардизирани тестови за оценување на наставниците како и обезбедување на бесплатни учебници на сите ученици во дејноста на основното и средното образование, спроведување на државната матура во средното образование, спроведување на задолжителното средно образование, реализација на започнатите реформи во гимназиското и стручното образование и отпочнување со работа на Центарот за образование на возрасни.

Во дејноста на високото образование се врши понатамошна имплементација на реформите со цел создавање на услови за поголема достапност на високото образование на сите граѓани во државата со новоформираниот универзитет и факултети во рамките на постојните универзитети во повеќе градови на територијата на Република Македонија, поддршка на дејноста во јавно приватни непрофитни високообразовни установи, спроведување на кредит-трансфер системот во согласност со Болоњската декларација како и соработка со странски универзитети и професори.

Реализација на предвидените активности во дејноста на ученичкиот и студентскиот стандард во насока на нивно унапредување и подобрување,

односно стимулирање на студентите и учениците во реализацијата на своите активности и постигнување на успешни резултати.

Во тек е подобрување на мрежата на основните и средните училита, односно завршување на доградбата на започнатите училишни објекти од претходните години од основното и средното образование, отпочнување на изградбата на нови училишни објекти согласно потребите, реконструкција на постојните ученички и студентски домови во насока на обезбедување на услови за реализација на задолжителното средно образование како и имплементација на проектот за изградба на училишни спортски сали во основните и средните училишта.

Изнаоѓање на мерки за стимулирање на приватниот сектор за вложувања во науката која претставува систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредување на науката. Цел на оваа програма е развој на научно-истражувачката дејност од јавен интерес преку усогласување на правната рамка на оваа област со истата на Европската Унија.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 8.277

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 835

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на вработени што посетуваат обука финансирана од донации: 80

Број на ученици во основното образование: 223.824

Број на ученици во средното образование: 93.918

Број на студенти во високото образование: планирани 23.378, реализирани 23.378

Број на ученици сместени во ученички домови: планирани 1.850, реализирани 1.700

Број на ученици сместени во студентски домови: планирани 5.500, реализирани 5.500

Број на финансирани научно истражувачки проекти: планирани 250, реализирани 63

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 217.644 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за развој на образованието врши стручна дејност која се состои во: изготвување на концепции за предучилишното, основното и средното образование и воспитание во Република Македонија, изработка на наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност на установите за предучилишното, основното и средното образование и воспитание, ученичките домови, стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар на овие установи, следење и вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата, проучување и истражување на одделни воспитно-образовни проблеми, подготовка и издавање на дидактичко-методска и друга педагошка прирачна литература за наставниот кадар, стручен надзор во воспитно-образовните институции, како и други стручно-научни задачи поврзани со унапредувањето на воспитно-образовната дејност.

Исто така, од учебната 2007/08 година ја подготвува и спроведува државната матура во средното образование.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Целта на Бирото за развој на образованието за 2009 година е подобрување на квалитетот на образовниот процес преку подобрување на наставните програми, стручно-педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар и зајакнување на советодавната стручна работа за наставата во училиштата, како и печатењето на педагошката документација и евиденција за основното и средното образование.

Според наставниот план за деветгодишно основно образование изработени се нови наставни програми за II одделение за сите насоки на основните музички училишта; изработени се упатства и протоколи за следење и советодавна стручна поддршка на училиштата при реализирање на деветгодишното основно образование (посетени се сите централни основни училишта, повеќе од 350 училишта и повеќе од 900 наставни часа); изработени се нови наставни програми за учениците со посебни образовани потреби што се образуваат во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта за II одделение (20 наставни програми); организирани се семинари и обуки за наставниците од основното образование и воспитание по предметите: музичко образование; физичко образование; ликовно образование и техничко образование на кои беа опфатени околу 1500 наставници за начинот на водење портфолио и екстерна проверка на постигањата на учениците.

Извршена е посета на сите училишта во Република Македонија и се организирани обуки на наставниците за примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците. Изготвени се околу 550 тестови на знаење (за основно образование, гимназиското образование и општообразовните предмети во средното стручно образование) по сите наставни програми и предмети и 1800 стандардизирани тестови по сите наставни програми и предмети.

За Државната матура јуни 2009 пријавени се околу 17.800 кандидати кои полагаат два предмети на екстерно ниво (мајчин јазик како задолжителен и странски јазик или математика како изборен предмет). За августовскиот испитен рок се предвидува да бидат изведени истите активности за државната матура како во јунскиот испитен рок. Согласно тоа, во Секторот за вреднување на постигањата на учениците при Бирото за развој на образование се подготвуваат 35.600 теста.

Според Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука активностите се одвиваат според планираната динамика. Изработени се стандарди за занимања, изготвена е Концепција за три годишно образование и Концепција за стручно оспособување во траење од две години, а во наредните месеци потребно е да се одржат обуки на наставници за имплементација на иновираното тригодишно образование, да се изготви концепција за стручно образование и обука, да се развиваат планови и програми за двегодишно стручно образование и постсредно образование.

Согласно програмата за работа на Бирото за развој на образованието до крајот на 2009 година предвидено е да се донесат наставните програми за гимназиско образование и општообразовните предмети во средното стручно образование; да се организира обука на наставниците за имплементација на новите наставни програми; да се развие концептот за проширена програма за работа на основното деветгодишно образование; да се организираат обуки на наставниците за описно оценување; да се отпечатат прирачници и дидактички материјали за наставата по сите предмети во IV одделение на деветгодишното основно училиште; да се развие концепт и програма за вреднување на постигнувањата на учениците на крајот на IV одделение и др.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 170
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.198

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на објавени и спроведени јавни набавки: планирани 10, реализирани 4
Број на изготвени нови наставни програми: планирани 154, реализирани 40
Број на изготвени тестови: планирани 40.000, реализирани 35.600
Број на изготвени нови наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование: планирани 280, реализирани 0

## 16003 НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 88.353 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Годишната програма за работа на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност за 2009 година се заснова на надлежностите и обврските кои произлегуваат од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ("Службен весник на Р.М" бр.113/07) и тоа децентрализирано менаџирање и имплементација на Програмата за доживотно учење (Одлука бр.1720/2006 Совет на Европа) и програмата Млади во акција (Одлука бр.1719/2006 Совет на Европа) како специфична структура за координирано менаџирање на имплементацијата на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција на национално ниво (Национална агенција).

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е промоција и спороведување на европските образовани програми во Република Македонија. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност согласно Годишната програма за работа за 2009 година, во периодот од јануари – април 2009 година реализираше активности за јакнење на институционалните, инфраструктурни и човечки капацитети и промоција на европските образовни програми на Националната агенција во Република Македонија. До крајот на 2009 година се планираат понатамошни активности поврзани со презентирање на новите активности кои што произлегуваат од подпрограмите на Програмата за доживотно учење.

Приоритетите и целите на Националната агенција, произлегуваат од општите цели на Програмата за Доживотно учење во периодот од 2007-2013 година, програмата Млади во акција во периодот 2007-2013 година, како и други програми, проекти или акции утврдени од страна на Европската Комисија во полето на образование, наука и мобилност. Националната агенција ќе биде насочена кон: спроведување на обуки за крајни корисници во рамките на акциите на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција; обуки на наставен кадар од основните и средните училишта за користење на грантови и аплицирање во рамките на Комениус проектите; обуки и реализација на подготвителни посети за наставници од основните и средните училишта за аплицирање за грантови и реализација на професионален развој во рамките на Комениус; обуки за училиштата за спроведување на проектите во рамките во е-Твининг; обуки и работилници за наставниот кадар од основните и средните училишта за користење на ИКТ алатки во рамките на е-Твининг; обуки на младите за користење на грантовите на програмата Млади во акција како и обуки за вработените на Националната агенција и нејзини соработници. Истовремено активностите се насочени и кон организација на јавни настани, медиумски кампањи и промоции; спроведување на пилот проекти во рамките на Програмата за доживотно учење и програмата Млади во акција; спроведување на проекти во областа на културата, истражувањето и технолошкиот развој.

Националната агенција ќе остварува вмрежување и соработка со меѓународни национални институции од полето на образование и обука кои што се директно или индиректно поврзани со програмите на заедницата; техничка и

професионална имплементација на размена на студенти, како и универзитетски професори; спроведување на работни цели и техничка подршка при имплементација на мерки и активности од европската структуирана помош, вклучувајќи ги иницијативите на Европската Заедница од областа на образование, обука, работа со млади, спорт и наука; подготовка и издавање на промотивни публикации и друг вид на информативен материјал; организирање и одржување на конференции, семинари, работилници и други видови на состаноци; изготвување на анализи и експертизи од соодветните програмски области.

Главни корисници на програмите ќе бидат: Комениус – основните училишта и средните училишта; Леонардо да Винчи – средните стручни училишта; Еразмус – универзитетите; Грундвиг – сите лица кои го прекинале своето образование на определено ниво.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.715

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на лица кои ги поминале обуките за користење на фондовите на ЕК од програмите Доживотно учење и Млади во акција: планирани 1.500, реализирани 500

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 486.731 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за млади и спорт врши следење на спортските и спортско-рекреативните активности, развој на масовниот и врвниот спорт, води грижа за статусот на младите, ги помага различните облици на организирање на младите, врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопаталошки појави. Со Стратешкиот план, Националната стратегија за млади и Акциониот план утврдени се приоритетите на Агенцијата за млади и спорт во доменот на реализација на капитални инвестиции во спортска инфраструктура во периодот 2009-2012 година.

### ОСТВАРУВАЊЕ И ЦЕЛИ ЗА 2009

Агенцијата за млади и спорт во 2009 година ги остварува следните активности: непречена функција на 46 национални спортски федерации, во кои се здружени повеќе од 1.500 спортски клубови, партиципирање за стручна работа, обезбедување на просторни услови, функција на органи и тела во федерациите, стручна работа со репрезентациите на националните спортски федерации, чиј број изнесува повеќе од 150, во различни категории, по пол и возраст како и обезбедување на стручна подршка во обезбедување на функционирање на националниот систем на натпревари. Агенцијата партиципира во финансирање на проекти на спортски клубови и здруженија, кои ќе промовираат и реализираат идеи и активности со кои спортот ќе се користи како средство за воспоставување и водење на младите во секојдневието и притоа ќе биде основна алтернатива во борбата против пороците и несаканите појави кај младите. Се поддржуваат и проектите кои ќе придонесат за социјална кохезија на младите, за дружење на младите од различни ентитети, промоција на различни мултикултурни вредности, толеранција и соживот.

Агенцијата, партиципира во Програмите од јавен интерес на државата, утврден во Законот за спорт, во кој како приоритет и обврска се утврдени програмите на Националните спортски федерации во Република Македонија кои

учествуваат во меѓународниот систем на натпревари, програмите со кои се остварува учество на европски и светски првенства во младинска и сениорска категорија (во машка и женска конкуренција), се подржуваат програмите на лицата со инвалидитет кои учествуваат на меѓународни натпревари организирани од надлежните меѓународни асоцијации. Исто така ги исполнува законските обврски кон врвните и млади спортисти утврдени со Законот за спорт, а кои се однесуваат на обезбедување паричен надоместок за спортисти.

Главна задача на Агенцијата е имплементација на Националната стратегија за млади преку подготвениот АКЦИОНЕН ПЛАН - 2009, кој ќе се иплементира во текот на 2009 година. Агенцијата ги подржува проектите на младински здруженија на граѓани, кои се однесуваат на подигање на степенот на активно учество на младите во сите области од нивен интерес, поддршка на програмските активности како Медиумска кампања за борба против дрогата, Летни едукативни кампови, активна партиципација и работа со млади на терен, обука на млади, тренинг на младински НВО што ќе дадат придонес кон националната стратегија за млади.

**ИДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 34
Оперативни расходи по вработен: 934

**АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:**
Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: планирано 5%, реализирано 5%
Бројот на млади луѓе вклучени во програмите за претприемништво и бизнис: планирано 10.000, реализирано 1.800
Учество на спортисти од Република Македонија на меѓународни спортски натпревари: планирано 1000, реализирано 180

## 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.291.327 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за информатичко општество ги врши работите што се однесуваат на дефинирање на механизми за обезбедување и раководење со средства за финансирање на развојот на информатичкото општество; евиденција, координација и следење на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија; координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа на Република Македонија; креирањето и водењето на евиденција на расположливиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамките на државната управа; креирањето и водењето на централна база на знаење достапна на секторите за информатика на државната управа; давање на препораки, насоки и други стратешки и оперативни документи на централно ниво; предлози за склучување на договори со стратешки партнери; давање насоки за оперативна програма, и архивирање на податоци и информации; координирање на активностите кои се извршуваат од страна на секторите за информатиката во органите на државната управа; координирање, управување и развој на интегрирана и безбедна информатичка мрежа за потребите на државната и јавната администрација; планирање, спроведување и развој на електро-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции; грижа за подготвување и подигање на јавната свест и едукација за значењето на развојот на информатичкото општество и за користењето на придобивките; изработка на едукативни и промотивни материјали за користење на електронски услуги; следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната

управа на полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата; воспоставување, развој и користење на државни и локални регистри и бази на податоци и нивно меѓусебно поврзување и размена на информации на безбедносен начин; развој на информатичката и телекомуникациската инфраструктура и технологија на органите на државна управа; изработка, координација и следење на реализацијата на плановите за континуирана едукација и усовршување на кадрите во секторите за информатика; создавање и континуиран развој на образовен и научно истражувачки систем; следење, евидентирање и остварување на техничка и технолошка меѓународна соработка; упатување на стручно усовршување во странство и користење на услугите на странски експерти; стипендирање, специјализација и практично образование врз основа на договори и врши и други работи утврени со овој и друг закон.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во првиот квартал од 2009 година, Министерството за информатичко општество интензивно и успешно работеше на низа проекти во функција на развојот на ИКТ во Република Македонија. Сите активности на министерството беа ориентирани кон конкретни исполнувања на целите за зајакнување на информатичкото општество во органите на државната управа и граѓанскиот сектор. Во насока на подобрување на информатичката инфраструктура продолжи имплементацијата на повеќе проекти меѓу кои беше Проектот за електронско зачувување и раководење со документи во државна управа; Проектот за поврзување на регистри помеѓу институции и Проектот за инсталирање на систем за авторизација. До-компјутеризацијата на основните училишта беше опфатена во активностите од Проектот Компјутер за секое дете (КЗСД), активно беа имплементирани и проекти за промоција на македонски зборови, а едновремено беше креиран и web портал за лица со посебни потреби. До крајот на 2009 година, Министерството планира да продолжи со динамичната изградба на развиено информатичко општество во Република Македонија преку продолжување со имплементацијата на веќе постоечките проекти и активности.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 5

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 29.650

## 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 743.810 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за култура ги извршува активностите за следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата; организација, финансирање, развој на мрежа на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес во областа на литературата и издавачката дејност; филмската и драмската дејност; музичката, музичко-сценската дејност и дејности на домовите на културата; визуелната и ликовната уметност; архитектурата и галериската дејност; библиотечната дејност; музејската и кинотечната дејност; недвижното културно наследство; заштитата на авторското и сродните права; споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес; надзорот во културата и други работи утврдени со закон.

**ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Министерството за култура во текот на 2009 година во делот на нормативната сфера ги има изработено нацрт Законот за остварување на

културата и Законот за прогласување на културното наследство од особено значење.

Во текот на 2009 година се интензивираат активностите за реализација на капиталните проекти за Министерството за култура и тоа: изградба на Стар Театар, се продолжува со изградбата на Музеј на вода во Охрид, изградбата на Универзитет на Св.Климент кај Плаошник, Реставрација на куќата на Албанската азбука. Исто така се продолжува со археолошките истражувања на локалитетите Скупи, Стоби, локалитетот Исар Марвинци, археолошкиот локалитет Хераклеја, продолжија аехеолошките истражувања на Тетовското Кале, Виничкото Кале и Скопската тврдина Кале, започна реализацијата на проектот за илуминација на Камениот мост во Скопје.

Активностите на Министерството за култура во 2009 година ќе бидат главно насочени кон реализација на утврдените среднорочни приоритети како стратешки цели за 2009 година: балансирана поддршка на културното наследство и на современото творештво; подобрување на менаџментот во културата; меѓународна соработка/соработка со соседите; афирмирање на културата на заедниците; соработка со невладините организации, како и дополнување со нова законска регулатива и целосно реализирање на капиталните проекти согласно планираната динамика.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 171
Оперативни расходи по вработен (во иљади денари): 672

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери за капитални инвестиции: планирани 20, реализирани 22
Број на истражувања во областа на музејската дејност: планирани 70, реализирани 23

## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.752.131 иљјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Финансирањето на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтезивно реализирање на капиталните проекти на Министерството за култура во овој раздел.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година Министерството за култура работи по донесената Годишна програма за остварување на националниот интерес во културата за 2009 година, каде составен дел е Програмата за дејностите од областа на културата.

Во делот за издавачка дејност за 2009 година преку програмата за издавачка дејност се поддржаа голем број на значајни проекти за македонската литература како и издаваштвото во Република Македонија. До крајот на годината ке заврши реализацијата на капиталните проекти: ,,Превод на литературни дела што добиле Нобелова награда за литература,, и ,,Набавка на 30 стручни и научни учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од по 1000 примероции од секој наслов. Во тек се подготовки за капиталните проекти

,,Ѕвезди на светската литература,, како и проектот ,,Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство,,.

Во библиотечната дејност, континуирано се дополнуваат библиотечните фондови во националните и локалните библиотеки, се заштитува националната книжна продукција, како и постојано се надоградува Центарот-Виртуелна библиотека на Македонија (ВБМ) во НУ Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" Скопје. Исто така, континуирано се издвојуваат средства за проектот задолжителен примерок кој е законска обврска на Министерството за култура.

Филмската дејност почнувајќи од 2008 година се финансира преку Националната установа Филмски фонд на Република Македонија. Во март 2009 година е објавена програмата со која се предвидува финансирање на 7 долгометражни, 1 краткометражен, 9 документарни и 2 анимирани филмови. Во текот на 2009 година се реализираше тркалезна маса „Иднината на македонскиот филм", а во предвид се и други работилници и дискусии на тема филмското производство во Македонија. Во најскоро време ќе бидат прикажани филмовите финансиски поддржани од минатата година, а некои од нив ќе бидат премиерно прикажани на Скопскиот филмски фестивал во април 2009 година.

Преку музичката и музичко-сценската дејност се реализираа сериозни премиерни проекти. НУ Македонска Опера и Балет која и НУ Македонската филхармонија, ја зголемија продукцијата на домашно симфониско и музичко-сценско творештво. На програмата на овие институции со висок успех се реализирани премиерни наслови на познати светски дела. Оваа година кадровски се доекипираа нациналните установи Македонска Опера и Балет, Македонската филхармонија и Танец. Особено голем придонес беше даден во постигнувањето регионален развој на полето на културата во смисла на правилен културен регионален развој.

Со програмата за драмска дејност поддржани се 53 премиери во 13 национални установи, 11 фестивали, 13 проекти од областа на независната и алтернативна продукција и 10 проекти од областа на драмскиот аматеризам. Досега реализирани се 20 премиери (17 во националните установи и 3 независни проекти), 3 фестивали и 1 проект од областа на драмскиот аматеризам. За одбележување се премиерните изведби „Свето срце" и „Александар" во МНТ и Драмски театар, „Црн молив" во Турскиот театар, „Таму каде што не сум бил" во Центарот за култура од Прилеп, „Тибурсио и Синфороса" со кој се одбележува 60 годишниот јубилеј на театарот во Струмица итн.

Во областа на заштита на културното наследство во првите четири месеци од 2009 година акцент е ставен на ревалоризација на недвижното културно наследство, продолжување со конзерваторско реставраторски работи на оградните ѕидови (втора фаза) на Арабати баба теке во Тетово, црквата Св. Илија с. Грнчари-Ресен, реконструкција на новиот конак во Бигорски манастир, конструктивен систем, покрив, фасади, дренажа на црквата Св.Ѓорѓи Победоносец с. Младо Нагоричане, конзервација на архитектурата на Теќето во Дебар, реализација на втората фаза од проектот за конзервација и презентација на куќата на Мехмед Палоши во Тетово, обнова на фасадите на 3 објекти на Широк сокак во Битола, промена на кровниот покривач и кровната конструкција на куќата на Робевци со цел нејзина презентација, санација на Хаџи Хамза џамија, статичко зајакнување и факсимилна обнова и ревитализација на куќата на Уранија и конзервација на архитектурата на црквата Св. Никола с. Косел во Охрид, темелна реконструкција на источниот конак од манастирот св.Архангел Михаил с. Варош и реконструкција на источниот конак од манастирот Св. Никола с. Мариово во Прилеп, како и реализирање на Програмата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за просторни и урбанистички планови во РМ за 2009 година.

Активностите од ликовната и галериската дејност поврзани се со организирање и јавна презентација на оригинални дела од современата ликовна и применета уметност, како и претставување на одделни сегменти на Македонската ликовна уметност на меѓународната уметничка сцена. Исто така во

тек се подготовките за отворање на нови Национални установи Умтнички галерии во Штип, Струмица, Охрид и Битола.

Со програмата за културно-уметнички манифестации за 2009 година, се поддржуваат следните музички манифестации: Охридско лето, Мајски Оперски вечери, Интерфест Битола, Скопски џез фестивал, Офф фест, Денови на албанска култура, Битола-град на културата, Ден на културата и Денови на Македонска музика. Министерството за култура во својата програма ги поддржува и Скопскиот филмски фестивал и Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" во Битола.

Во рамките на кинотечната дејност реализирано е прибирање на филмови и филмски материјали, извршена е реставрација и изработка на нови филмски копии од македонски играни и документарни филмови и нивно телекинирање.

Во 2009 година активностите од меѓународната соработка ќе бидат насочени кон реализирање на Деновите на македонската култура во Украина и Чешка и отварање на нов културен центар во Украина, со цел да се овозможи поголема презентација на македонската култура во странство.

Во текот на 2009 година продолжуваат да се реализираат веќе започнатите капитални проекти на Министерството за култура и тоа: Доградбата на НУ Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" Скопје е во завршна фаза, продолжува изградбата на Театарот во Велес, проектот Реставрација на куќата на Мајка Тереза е завршен, продолжува реконструкцијата и санацијата на Конзерваторскиот центар во Гостивар, продолжува изградбата на Музејот на ВМРО и Музејот на жртви на комунизмот. Во завршна фаза е и проектот Поставување на 35 скулптури во централно градско подрачје. Во 2009 година се интензивира изградбата на Турски театар во Скопје, доградбата и реконструкцијата на Универзална сала во Скопје, а започна и изградбата на Концертна сала за Македонската филхармонија и изградбата на Спомен куќата на Тодор Проески во Крушево. Во овој период се избраа идејните решенија за изградба на новиот објект на Македонскиот народен театар и Драмскиот театар во Скопје.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 1.976

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 459

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на публикации: планирани 350, реализирани 50

Број на корисници на библиотечен материјал (членови и читатели): планирани 130.000, реализирани 75.000

Број на планирани филмови: (долгометражни, краткометражен, анимирани и документарни): планирани 22, реализирани 16

Број на музички проекти и театарски премиери: планирани 209, реализирани 89

Број на самостојни изложби и други самостојни проекти: планирани 235, реализирани 44

Број на културно уметнички манифестации: планирани 22, реализирани 3

Број на музејски поставки и изложби: планирани 53, реализирани 9

Број на меѓународни проекти: планирани 10, реализирани 7

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.878.052 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за здравство ги врши работите од областа на здравството и здравствената заштита на населението, како надлежна институција за регулирање на односите во секторот здравство, ги утврдуваа стратегиите на развој и предлага закони и подзаконски акти, со цел

обезбедување на високо квалитетна здравствена заштита на населението на најисплатлив начин.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Министерството за здравство, како надлежна институција за спроведување на здравствената политика и здравствените реформи, во изминатиот период своите активности ги реализираше во рамките на планираните реформи и обезбедените средства за реализација на здравствени програми. Активностите воглавно се остваруваат во рамките на органите во состав: Дирекцијата за храна, Бирото за лекови, Санитарниот инспекторат и Дирекцијата за радијациона сигурност. Склучени се договорите за набавка на 70 книги од реномирани странски автори од областа на медицината, електронската здравствена картичка и Проектот- инвестирање во амбуланти во руралните средини. Извршена е набавка на нова медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во Република Македонија, вакцини против заушки и информатичка опрема.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 269
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.257

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на тендери: планирани 44, реализирани 14
Број на контроли: планирани 7.990, реализирани 1.861
Број на регистрирани лекови: планирани 760, реализирани 75
Број на записници и решенија: планирани 9.900, реализирани 4.739
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за превентивна здравствена заштита: планирани 415.366, реализирани 69.719
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за куративна здравствена заштита: планирани 113.000, реализирани 16.596
Број на радиоактивни громобрани: планирани 150, реализирани 0

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 218.276 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа е буџетска институција која ги врши работите што се однесуваат на: реформа на локалната самоуправа; следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа; следење на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; надзор од негова надлежност, унапредувње на институциите на локалната самоуправа и врши други работи утврдени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во рамките на планираните активности на Министерството за локална самоуправа за 2009 година направен е увид во 186 Службени гласници на општините, направен е надзор на повеќе од 2400 прописи на општините, 3 увиди во седиштето на општините чии прописи биле предмет на надзор, а исто така е донесено 1 решение за запирање на примена на пропис. Изготвен е работен документ на нацрт законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Спроведени се активности во насока заокружување на нормативната рамка за спроведување на новата политика за рамномерен регионален развој како и за воспоставување на релевантни институции. Изготвен е Правилникот за методологија за изработка на планските документи за регионален развој и

Правилникот за постапка и методологија за оценување на предлог проекти. Финализирана е Стратегијата за регионален развој. Изготвени се договори за кофинансирање на осумте плански региони и изготвени се и се наоѓаат во фаза на објавување два министерски акти поврзани со Законот за регионален развој. Донесени се двата подзаконски акти: Одлука за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони и Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот од 2008-2012 година. Во фаза на донесување се уште два позаконски акти: Одлука за поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби и Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби на Република Македонија за периодот од 2009-2013 година.

Во рамките на програмата за децентрализација продолжена е координацијата на процесот децентрализација на власта преку работната група за децентрализација на власта и 10-те тематски подгрупи; комплетирани се активностите за воспоставување на 36 општински центри за административни услуги во урбаните центри (завршени се градежните работи за изградба /реконструкција на центрите во 80% од општините и работите за опремување на истите). Изготвени се стратешките и работните документи поврзани со општинските центри за услуги.

Во поглед на задачите кои произлегуваат од програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, одржан е вториот заеднички мониторинг комитет (ЗМК); во рамките на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција, по потпишувањето на финансискиот договор одржан е билатерален технички состанок помеѓу телата задолжени за имплементација на програмата чија цел е интензивирање на соработката на двете земји и превземање на потребните активности за успешна реализација на програмата; одржан е третиот состанок на заедничкиот комитет за следење на програмата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 37

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.583

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на обуки на државни службеници: планирани 20, реализирани 0

Број на извршен увид на прописите на општините: планирани 11, реализирано: 3

Спроведени развојни проекти во планските региони: планирани: 8, реализирани 0

Број на обуки за фискална децентрализација: планирани 15, реализирани 0

## 19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.397 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија; помагање на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија; запознавање на иселениците со состојбите во Република Македонија; создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економски живот во Република Македонија и контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора преку системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и посебно заедницата на единицата на локалната самоуправа; давање стручно-техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во

стопанските капацитети на Република Македонија и посебно на планот на извоз на македонски производи во странство.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009 ГОДИНА

Во првиот квартал од годината Агенцијата за иселеништво започна успешно со реализирањето на поставените цели предвидени со Буџетот за 2009 година.

Со цел интензивирање на процесот на инвестиционите вложувања во Република Македонија се започна со подготовките околу одржувањето на Бизнис форумот на иселеници бизнисмени од Македонија кој е предвидено да се одржи во месец октомври 2009 година. За оваа намена во дигитална форма се изработи Бизнис каталог на македонското стопанство наменет за иселениците. Во завршна фаза е и изработката на каталог во дигитална форма – "Профилот на бизнисите во сопственост на иселениците од Македонија во срединитe во кои живеат ".

Во овој период се започна со припреми околу одржувањето на Летна школа за македонски јазик во Република Македонија со цел одржување и усовршување на македоскиот јазик на децата на македонските иселеници. Изработена е интернет страница " Култура " наменета за информирање на иселениците за културните настани. Исто така, во тек се активности поврзани со печатење на книги на наши иселеници од САД, Канада и Германија, како и активности кои ќе допринесат за унапредување на културниот развој и одржувањето на националниот идентитет на иселениците (дистрибуирање на книги и учебници наменети за најмладата генерација).

Со цел унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија, Агенцијата за иселеништво во Програмата за работа за 2009 година предвиде конституирање и работа на Иселеничкиот Совет составен од претставници на иселеници од Македонија и претставници од државни органи кои имаат допирни точки со иселеништвото.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.016

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на македонски иселеници кои ќе учествуваат во реализирањето на програмските активности: планирани 520, реализирани 350

## 19302 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.611 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е формирана на 26 април 2006 година, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата ги спроведува решенијата вградени во законот, кои се во функција на зголемување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на администрацијата, како јавен сервис за граѓаните со легитимитет, како и зајакнување на довербата на јавноста во државната власт, но и кај сите институции што вршат јавни овластувања.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Приоритетните активности на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за првите три месеци од 2009 година се однесуваат на целосна имплементација на Законот за слободен

пристап до информации од јавен карактер, соработка со имателите на информации од јавен карактер, издавање на публикација наменета за промоција на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, едукација на имателите и на барателите на информации од јавен карактер и јакнењето на потребата од постоење на непречена циркулација на информации од јавен карактер во сите сегменти на живеење, обезбедување на стручна помош и соработка во иновирањето на Законот, воспоставување на односи за соработка со сличните комисии од регионот со цел размена на искуства и активно партиципирање во работата на телата на Советот на Европа во Стразбур. Овие активности се насочени кон унапредување и хармонизација на домашното со европското законодавство.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 903

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на пријавени жалби: планирани 600, реализирани 75

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 9.466 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозни групи и работи, поврзани меѓу државата, верските заедници и религиозни групи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009
Активностите на Комисијата главно ќе бидат насочени кон регистрација на црквите, верските заедници и религиозните групи во соработка со Основниот суд Скопје II – Скопје, учество на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св.Кирил", која што се одржува секоја година во Рим, Италија, а на која зема учество и МПЦ, како носител на манифестацијата. Комисијата присуствува и на традиционалните манифестации на Св.Методиј кои што се одржуваат во Елванген, Германија и во Москва, Руска Федерација; присуствува на Црковно-народниот собор во Македонската православна Американско-канадската епархија, ќе присуствува на свеченостите по повод 15 години од основањето на Европската македонска православна епархија, на свеченостите по повод 25 години од основањето на црковната општина во Њу Џерси, САД. Во наредниот период Комисијата ќе ги следи и поддржува активностите во врска со вклучувањето на високошколските институции на Македонската православна црква и Исламската верска заедница во системот на образованието, организирање на тркалезни маси со поглаварите на црквите и верските заедници заради разгледување на актуелни прашања и проблеми од нивното секојдневно работење, помош и поддршка во организирањето на аџилакот, издавања на одобренија за престој на странски свештени лица заради вршење на мисионерска работа и регулирање на нивниот престој во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 10
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 742

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени одобренија за привремен престој на странски верски лица: планирани 500, реализирани 150

## 21001 АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 750.365 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности се основа за вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско-катастарскиот информациопнен систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци. Агенцијата за катастар на недвижности има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утвдени со Законот за катастар на недвижности и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во првиот квартал од годината Агенцијата за катастар на недвижности востанови 86,78% катастар на недвижности на цела територија на Република Македонија, се изврши воспоставување на 50% активна ГНСС мрежа на цела територија на Република Македонија и дигитализација на 35 % на архивски катастарски планови.

Активностите до крајот на 2009 година на Агенцијата за катастар на недвижности ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритетни цели: 100 % востановен катастар на недвижности на цела територија на Република Македонија, целосно воспоставен катастар на недвижности на сите катастарски општини, воспоставување на активна ГНСС мрежа на цела територија на Република Македонија, воспоставување на е-катастар на цела терироријa на Република Македонија и дигитализација на 65 % на архивски катастарски планови.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 876
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 514

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Востановен катастар на недвижности на територијата на Република Македонија: планиран 100%, реализиран 86,78%.

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 185.639 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, презентира и дава статистички податоци и ја утврдува нивната точност, на овластените носители за спроведување на статистички истражувања дава мислења за методолошките основи, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, воспоставување на меѓународна соработка во доменот на статистиката, континуитет во обезбедувањето на статистички информации со подобрен квалитет и врши други стручни работи утврдени со закон.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Државниот завод за статистика во периодот јануари-април 2009 година ги реализира статистичките истражувања во согласност со Програмата за работа на Заводот за 2009 година и Програмата за статистички истражувања за период 2008-2012 година; активностите кои се однесуваат на прибирање на податоци од деловните субјекти од теренот; подобрување на квалитетот на добиените податоци од известајните единици; ажурирање на адресарите од статистичките истражувања; организација и спроведување на анкетните истражувања на теренот; прибирање, шифрирање и внес на дел од добиените извештаи од теренот; редизајнирање на публикации и нови соопштенија со цел подобрување на квалитетот на статистичките информации; активности поврзани со јакнењето на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на Република Македонија во процесот на интеграција во статистичкиот систем на ЕУ.

Во процесот на хармонизација со регулативите на Европската унија во доменот на активностите на Државниот завод за статистика направени се методолошки подобрувања во дел од статистичките истражувања.

Државниот завод за статистика има обврска кон Статистичкиот завод на Европската унија, Еуростат, да доставува статистички податоци во согласност со стандардите на Европската унија. Во согласност со оваа обврска, Државниот завод за статистика направи прекодирање на варијаблите од Анкетата за работната сила и трансмисија на податоците од Анкетата за работната сила за 2006 година до Еуростат. Во соработка со Еуростат, лице од Државниот завод за статистика е обучено за прекодирање на податоците од Анкетата за потрошувачка на домаќинствата и дефинирани се варијаблите кои треба да бидат доставени до Еуростат. Реализирани се обуките утврдени во ТВИНИНГ проектот.

Активностите на Државниот завод за статистика во однос на ажурирањето на избирачкиот список и печатењето на изводите од Избирачкиот список за Претседателските и локални избори 2009 година, се реализирани успешно согласно планираната динамика.

Подготвителните активности за спроведување на пробниот попис на населението и домување кои треба да се реализираат во Мај 2009 година, се реализирани согласно претходно утврдената динамика. Подготвени се описите на пописните кругови како и методолошкиот материјал (пописни обрасци и Упатство за пробниот попис).

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 274

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 613

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: планирани 10, реализирани 0

Број на реализирани статистички истражувања: планирани 50, реализирани 120

Број на воспоставен статистички регистар на деловни субјекти: планирани 1, реализирани 0

Број на ажурирања на избирачкиот список: планирани 12, реализирани 4

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 105.040 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Македонија ги врши работите кои се однесуваат на примање архивска граѓа и водење евиденција за неа, средување и обработка на архивска граѓа, чување и заштита на архивска граѓа (конзервација и

реставрација), истражување и комплетирање на архивските фондови и збирки и научно-истражувачка работа од областа на архивистиката, објавување архивска граѓа и ново организирани предавања, изложби и други погодни облици на културно просветна и научна дејност.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Остварувањата за 2009 година кои се однесуваат на Државниот архив на Република Македонија се насочени кон подготовка за печатење на следните изданија: „Политичките судски процеси во Скопје за време на бугарската окупација на Македонија (1941-1944)" во редакција на д-р Владо Иваноски и „Австриски документи за Македонија (1920-1938)" во редакција на д-р Ѓорѓи Стојчевски.

На полето на меѓународната соработка во фаза е склучување на Договор за соработка со Државниот архив на Црна Гора. Зголемен е инспекцискиот надзор кај имателите на архивска граѓа, се врши континуирана конзервација и реставрација на архивската граѓа, средување и обработка на приоритетни фондови.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 226
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 449

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на објавени тендери во текот на годината: планирани 6, реализирани 1
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: планирани 4900, реализирани 1350

## 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 26.124 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда и е надлежно за извршување на активности поврзани со вештачење од областа на материјално-финансиското работење, сообраќајно-техничката и електро-машинската струка, градежништво и архитектура, агроекономија, технологија и вршење на супер вештачења и експертизи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во досегашниот период се бележат вкупно примени предмети 456 кои со залихата на 323 предмети од претходната година изнесува вкупно предмети за работа 779. Од овие предмети вратени се 18 предмети поради недостиг на документација. Бројот на решени предмети за ова тромесечие изнесува 402 што претставува 52,82% од вкупниот број предмети за работа, но ако се споредат бројот на примените предмети само во 2009 година кој изнесува 456, со решените предмети за ова тромесечие кои изнесуваат 402, се добива процент на реализација 88,16%.

Активностите на Бирото за судски вештачења до крајот на 2009 година се насочени кон зголемување на ефикасноста во вештачењето со тоа што на крајот на годината залихите на нерешени предмети да се сведат на минимум. Во тековната година е предвидено и изготвување на закон за дејноста вештачење со кој ќе се утврдат начинот, постапката, критериумите за стекнување со лиценца за вештак од соодветни области.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 26
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 959

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на примени предмети за вештачење: планирани 1.300, реализирани 456

## 26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 181.648 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науките и уметностите е научно истражувачка организација која во својата основна дејност работи на повеќе научно-истражувачки проекти, има обемна издавачка дејност, организира научни собири, уметнички изложби, учествува на меѓународни научни собири и соработува со повеќе Академии од странство.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Активностите на Македонската академија на науките и уметностите во 2009 година се насочени кон реализација на 76 научноистражувачки и уметнички проекти, од кои 59 се тековни проекти кои ќе се реализираат во текот на наредните години додека останатите 17 претставуваат нови проекти. Во првиот квартал се завршени 29 научноистражувачки и уметнички проекти на кои се работело и истражувало во претходните години. Во рамките на издавачката дејност објавени се следните изданија: Прилози на Одделението за општествени науки, бр. XXIX/2 за 2008; Прилози на Одделението за математичко-технички науки, бр. XXIX/1-2 за 2008; Споменица за академик Ксенте Богоев; Споменица за академик Никола Кљусев; Свечен собир „Дождови" од Матеја Матевски; Македнско-полска граматичка конфронтација; Археолошките истражувања на почвата на Македонија, том 17, том 18 и том 19.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 59
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.965

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на научно-истражувачки проекти: планирани 60, реализирани 29

## 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 270.420 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој е орган во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице. Своите активности ги извршува согласно Законот за рамномерен регионален развој. Со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Активностите на Бирото за регионален развој се насочени кон имплементација на регионалниот развој, односно користењето на средства утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2009 година како и практичната реализација на проектите. Во рамките на средствата наменети за реализација на Програмата за рамномерен и одржлив регионален развој за 2009 година досега е извршено плаќање по основ на превземени обврски за регрес на дел од камати по одобрени кредити. Поради недонесена Стратегија за регионален развој и не утврдени подзаконски акти на Законот за рамномерен регионален развој во изминатиот период не се извршени трансфери до ЕЛС по основ на одобрени проекти.

Во текот на 2009 година ќе продолжи и реализацијата на капиталниот проект за еколошка заштита по долината на реката Радика со изградба на канализациони мрежи, водоводи, депонии за отпад и сл.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.561

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на одобрени инфраструктурни објекти за изградба: планирани 50, реализирани 0

## 29010 СУДСКА ВЛАСТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.768.277 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и другите меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи.

Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности: ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судски буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на своите единки корисници-судовите, со исклучок на капиталните расходи кои се планираат на ниво на Судска власт со донесување на Годишна Програма за инвестирање во судовите и врши други работи предвидени со закон.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во текот на 2009 година во Судската власт се зголеми ефикасноста во менаџирањето на Сускиот буџет со трансформирана стручна служба на Судскиот буџетски совет согласно измените на Законот за судски буџет; се воведе интернет пристап до судовите; постигнато е значајно подобрување на условите за работа во судовите со проширена надлежност со координативните активности на Судскиот буџетски совет и Министерството за правда преку кредитниот аранжман на Светската банка за спроведување на реформите во судската власт, изработени се динамички веб страни за сите судови. Академијата за обука на судии и јавни обвинители спроведе повеќе обуки кои се однесуваат на измените на позитивните законски прописи како и компаративна анлиза на нашето законодавство со странските искуства, а организирани се и повеќе студиски посети.

Во текот на 2009 година ќе се продолжи со капитални инвестирања на ниво на Судска власт преку програмите за инвестирање во судовите и координираните активности со кредитниот аранжман на Светската банка, ќе се продолжи со меѓународната соработка на сите нивоа со цел размена на искуства, како и продолжување на соработката со донаторите. Главен приоритет во 2009 година е целосно воведување во работа на АКМИС системот за автоматска распределба и следење на предметите во судовите со што значително ќе се подобри и олесни работата и контролата во судовите. Потоа, ќе се продолжи со подобрување на буџетските и финансиските процедури за да се обезбеди стабилен, доволен и добро управуван буџет со цел правично и навремено задоволување на правдата, ќе се имплементира новиот Закон за судска служба и ќе се продолжи со спроведување на НПАА програмата за судската власт.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2923
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 581

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на судски предмети: планирани 1.967.000, реализирани 200,000
Број на предвидени часови за обука: планирани 1.650, реализирани 450

## 31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 292.669 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз основа на принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Јавното обвинителство во 2009 година ги продолжува активностите во правец на реализација на обврските од стратегијата за реформи на правосудниот систем и имплементација на уставните амандмани, од што произлегува и потребата од надминувањето на постојната недоволна кадровска екипираност и подобрувањето на просторните и материјалните услови во кои Јавното обвинителство работи, па своите активности ќе ги насочи и кон унапредувањето на условите на работа и решавањето на постојниот проблем со адекватно просторно сместување на одредени Виши и Основни јавни обвинителства, како и изнаоѓање на трајно решение на просторно сместување на Советот на Јавните обвинители.

Согласно Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија (Службен весник на Р.М бр.150/07), во текот на 2009 година ќе се спроведе постапка за избор на јавни обвинители во Основните, Вишите и Јавното обвинителство на Република Македонија од страна на Советот на јавните обвинители.

Во текот на 2009 година планирани се обуки на јавните обвинители преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители, како и обуки во државата и во странство. Дел од нив се веќе реализирани или се во фаза на реализација.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 357
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 816

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави: планирани 39.500, реализирани 13.166

## 31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 67.338 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Народниот правобранител е орган на Република Македонија чии функции се: заштита на уставните и законските права на граѓаните во случај кога тие права се повредени со акти, дејствија и пропуштање на дејствија од органите на

државната управа и од други органи и организации што имааат јавни овластувања; преземање мерки и дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009

Во текот на 2009 година Народниот правобранител континуирано планира активности во насока на следење на состојбите со остварувањето на слободите и правата на сите нивоа, посети на судовите, органите на државната управа и други органи и организации на централно ниво, посети на единиците на локалната самоуправа, како согледување на условите за сместување и третманот на оваа категорија на граѓани и на нивото на остварување на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Во текот на годината ќе биде извршена и евалуација на досега завршените проекти активности со проектот кој беше финансиран од страна на СИДА и ОБСЕ. Во рамките на меѓународната соработка Народниот правобранител и во 2009 година активно ќе партиципира во работата на Европскиот омбудсман институт (ЕОИ), Интернационалниот омбудсман институт (ИОИ), Асоцијацијата на омбудсмани од франкофонијата (АОМФ) и Асоцијацијата на омбудсманите од Медитеранот и ќе соработува со други меѓународни организации и омбудсман институции во регионот и пошироко.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 68

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):980

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на преставки во текот на една година: планирани 3.200, реализирани 1.061

## 66001 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.349.897 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни патишта е основана за управување со јавните патишта во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Во првиот квартал од 2009 година активностите на Агенцијата за државни патишта беа насочени кон финансирање на градежните работи на Обиколница Скопје (прва фаза), Табановце-Куманово, како и интензивирање на подготвителните активности со склучување на договори за отпочнување на нови делници од патните правци: М-6 Штип – Струмица (делница Сулдурци-Радичево), Р-106 Градско-Фариш-Ленски мост-Прилеп, Р-112 Коњско-Кожуф, М-5 Обиколница Охрид (улица Железничка), К1-Р-104 Коломот-мост с. Близанско и Куклиш-Банско.

Исто така склучени се договори за 11 регионални патни правци по Проектот за подобрување на регионалната и локалната патна мрежа во Република Македонија, финансиран од Светска Банка и тоа за следните делници: Илинден-Калуѓерец, Ржаничино-с.Сушица-Св.Николе, Лакавица-Неготино, Давидово-Раброво, Страцин (спој М-2) – Пробиштип, Струга-Дебар, Макази-граница со Р.Грција, Прилеп-Македонски Брод, Прилеп-Кривогаштани, Превалец (спој М-5)-Смојмирово и Струмица-Дојран.

Исто така се реализирани и редовните активности на тековно и инвестиционо одржување на магистралните и регионалните патишта; како и интензивирање на подготвителните активности за забрзување на постојните градежни работи и за отпочнување нови (експропријација, проекти и тендери).
Агенцијата ќе изврши измена на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, соодветно на ревидираниот буџет и ќе продолжи да ги извршува законските обврски поврзани со магистралните и регионалните патишта.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 47
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.734

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на склучени договори (за набавка, изградба, реконструкција, одржување, надзор, подготвување на проекти и др.): планирани 100, реализирани 23
Број на изградени километри: планирани 30, реализирани 4.5

## 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.252.763 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Фондот ги има следните надлежности: да ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита; со општи акти ги утврдува прашањата за кои е овластен со законот за здравствено осигурување; планира и прибара средства од задолжителното здравствено осигурување; обезбедува остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица; ги плаќа здравствените услуги на осигурените лица, ги плаќа надоместоците на плати; ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност; ги утврдува референтните цени на лековите, медицински помагала, опрема, протези, ортопедски помагала и други помагала; договара обезбедување на здравствени услуги; развива сопствен информативен систем; спроведува меѓународни договори; врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги; одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009
Фондот во 2009 година го продолжи реформскиот пат за имплементација на веќе започнатите реформи во системот на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во тие рамки во периодот јануари-март 2009 година Фондот за здравстевно осигурување на Македонија продолжи со активностите за дополнување и преиспитување на референтните цени за болничка здравствена заштита; интензивирање на активностите за надградба на софтвер за воведување на финансиска дисциплина како и контрола на готовинскиот тек; воведување на ДСГ методата во делот на фактурирање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита; подобрување и доуредување на законската регулатива по нивоа на здравствена заштита.
Активностите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2009 година ќе бидат во насока на одржување на воспоставената финансиска стабилност на Фондот и финансиската стабилизација на целокупниот здравствен сектор во РМ, континуирано и квалитетно задоволување на потребата од лекови за сите осигурени лица, подобар и полесен пристап на осигурениците до потребните здравствени услуги и лекови, подобрување на транспарентноста, менаџирањето и раководењето во здравствените установи, унапредување на

процесот на буџетирање, договарање и преговарање со здравствените установи, зајакнување на воспоставената ex анте и ex пост финансиска контрола и останатите видови контрола, унапредување на планирањето и контролата на услугите во здравството како резултат на воведувањето на ДСГ системот во болничката здравствена заштита. Почнувајќи од месец јуни 2009 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија треба да воведе систем на трезорско работење за јавните здравствени установи со цел контрола на плаќањата на ЈЗУ.

Продолжена е праксата на објавување на записниците од состаноците на Управниот Одбор и на Анализите за работењето на Фондот и на ЈЗУ на веб-страната на Фондот. Во наредните месеци Фондот ќе продолжи со спроведување на реформските процеси во здравствениот сектор.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 681

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 737

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на извршени контроли (контрола на придонеси, партиципација и плати, боледувања, лекувања во странство, како и контрола во ЈЗУ специјални болници, аптеки и приватни ординации): планирани 4.000, реализирани 1.250

Број на склучени договори со ПЗУ, ЈЗУ и аптеки: планирани 3.300, реализирани 3.259

## 66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.528.699 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот (за невработени лица и работодавачи) од областа на размена на трудот, евиденција од областа на трудот, осигурување и остварување на правата во случај на невработеност.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009

Агенцијата за вработување на Република Македонија во изминатите три месеци од 2009 година продолжи со редовната исплата на паричниот надоместок со придонесите, со напомена дека надоместоците со придонесите за месец јануари 2009 година наместо во февруари се исплатени во март 2009 година поради проблемите со софтверот на УЈП по стапувањето во сила на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување.

Агенцијата иницираше поголема поддршка на активните мерки за вработување за што од страна на Владата на Република Македонија донесен е Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година како што се: поддршка за самовработување (семеен бизнис); поддршка за формализирање на постојани бизниси; обуки за одредени занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот; едукација за започнување на бизнис; субвенционирање на вработувањето на децата без родители, самохрани родители, инвалидни лица, вработување на постари лица (55 до 64 години); субвенционирање на млади лица до 27 годишна возраст на кои работниот однос им престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок; ораганизирање на јавни работи; практиканство како поддршка на прво вработување на млади лица до 27 години и млади лица во завршна фаза на студии; пилот анкета за слободни работни места; програма за економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство и програма за поддршка за вработување на Роми.

Во 2009 година Агенцијата продолжи со спроведување на Проектот за самовработување со кредитирање.

Исто така продолжи и со редовните активности за обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач, обуки во работните клубови за стекнување знаење и вештини (странски јазици и компјутери), како и со спроведување на други проекти поврзани со градење на капацитети на институцијата и зголемување на вработувањето во земјата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 526

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 710

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): планирано 572, реализирано

